Слободан Димитров

# ПАТУВАЊЕ НИЗ ЖИВОТОТ СО МУЗИКА



СЛОБОДАН ДИМИТРОВ

Битола, 2021

**Издавач:**
НУ - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола
ул. „ПецеМатичевски бр. 39 Битола

**ПАТУВАЊЕ НИЗ ЖИВОТОТ СО МУЗИКА**

**Автор:**
Слободан Димитров

**Лектор:**
Снежана Михајлова

**Техничка обработка**
Никола Трајковски

**Печати:**
„Ирис Принт“ - Струга

**Тираж:**
200 примероци

Битола, 2021

СЛОБОДАН ДИМИТРОВ

# ПАТУВАЊЕ НИЗ ЖИВОТОТ СО МУЗИКА

ПОСВЕТЕНО
НА МОЈОТ ТАТКО
ДИМЧЕ МУЗИКАНТОТ

БИТОЛА, 2021



# МУЗИКАТА-МОЈА ЉУБОВ И ОПСЕСИЈА

Се случи на 14.08.2019 година, ден кога мојот драг пријател и колега Панде Манојлов-познат поет и писател, ми ја пренесе неговата идеја.

Пиејќи го заедничкото кафе во кафулето „Равена" во Битола рече: „ти имаш многу податоци за музиката, музичкиот живот и музичките случувања за Битола во минатото во Битола и пошироко. Убаво е тоа да биде забележено, за поколенијата да разберат нешто за минатото врзано за таа уметност". Го прифатив предизвикот за кој сум му јавно благодарен. Ми се допадна и неговата сугестија, сеќавањата да се состојат од наслови за личности и настани со познати имиња од областа на музиката. Некои од повозрасните генерации ќе се препознаат и ќе се потсетат на настаните, а помладите ќе се запознат со случувања за познати и за нив непознати музички личности.

Денес, на 01.04.2021 година, Кети-мојата другарка од детството ме поттикна да го средам делот од на рака порано напишаните неколку сеќавања, по изминати пет месеци откако Панде Манојлов не е повеќе меѓу нас. Затоа овие неколку напишани редови му ги посветувам нему и на Кети.

# ДИМЧЕ МУЗИКАНТОТ-МОЈОТ ТАТКО

Еве со што се занимаваше мојот татко Димче. Ја сакаше музиката. Целиот работен век го помина како воен музичар. Свиреше на флигорна-еден вид на труба и на виолина. Имаше убав ракопис и дарба за пишување на нотни записи. Напиша цела тетратка со либрета за опери.



Чаробна фрула

I чин. Врховни свештеник Сарастро, окружен је свештенством Озириса и Изиде. Његова противница је Краљица ноћи. Они се боре о власт над земљом. Памину ћерку краљице ноћи отео је Сарастро и чува је у свом двору. Краљица у лику непознатог краљевића Тамина види спасиоца своје ћерке, којег су спасиле од змије краљичине госпође. По слици коју му шаље краљица он дознаје за Паминину лепоту и у њему се појављује љубав и жеља да је ослободи. Тад му прилази Папагено, шумски човек, обучен у перје. Дуго Папагено чезне за женом која би му била слична и која би се звала Папагена. Краљица ноћи обећава Тамину да ће му дати за жену њену ћерку Памину ако је ослободи. Тамино се спреми на пут. Да би се на путу сачувао од зла краљица му поклања чаробну фрулу. Нађе ли се у опасности он ће да свира и она ће га спасити. Са њим ће поћи и Папагено са чаробним звончићима. (Промена) Тамино и Папагено стигну до Сарастрових храмова. Ту угледа Памину. Бекство које спремише са Памином није успело. Чува је добро црнац Моностатос и сам је лудо воли. Она га одбија због тога црнац хоће ножем да је убије, али је спасава Сарастро. Један свештеник обавештава Тамина како је Сарастро отео Памину што је хтела да га сретне у градњи храма мудрости. Папагено дође са Памином коју прате црни робови. Памина замоли Сарастра да јој



Ете од каде потекнува мојата љубов кон музиката.

Ми ја пренесе и љубовта кон сите иновации што ги носеше времето. Учеше и научи италијански и грчки јазик и го напиша својот грчко-македонски речник. Гледаше грчки филмови.

Читаше за билките, ги распознаваше и ги береше за чаеви.. Беше умен, слободоумен, честит, чесен, принципиелен, храбар но одмерен и педантен во секој поглед. Повеќе пати е наградуван  во работата. Ете таков беше Димче музикантот. Многу му сум благодарен што од мене направи човек каков што сум.



Грчко-македонскиот речник на мојот татко

# ВОЕНАТА МУЗИКА ВО БИТОЛА

Мислам дека со военатa музика е врзана првата моја љубов кон музиката. Просториите им се наоѓаа во кругот на Домот на армијата. Малкумина знаат дека пред тоа, во педесетите години од XX век активноста започна во куќата на семејството Стаматови, на ул. „Коле Канински“ број 8. Музичарите беа ноталисти, односно свиреа на ноти. Освен што настапуваа на свечени и погребни настани, во празнични и неделни денови изведуваа своја програма во Градскиот парк и на платото над кафеаната на Тумбекафе. Се сеќавам дека и по секој постигнат гол, „удираа“ по еден “туш” на Градскиот стадион под Тумбекафе. Во тој колектив по военатa нотно се описмени и нашиот естраден уметник, кларинетистот Тале Огненовски. Воените музичари имаат голема заслуга за формирањето на Симфонискиот оркестар во Битола во 1960 година, како членови на оркестарот. Музичарите беа членови и на првиот Камерен оркестар основан во 1974 год. Военатa музика имаше и свој забавен оркестар.



Забавниот оркестар на Воената музика  во Битола, 1955 година

Покрај организираните забави, во недела попладне свиреа и на матинеата кои за младината во Битола се организираа во Офицерскиот дом. За воените музичари е интересно дека секој беше должен активно да свири најмалку на два музички инструменти од кои еден дувачки, жичан или удирачки. Воените музичари беа членови и на Градската музика која постоеше во тоа време.



Градската музика во Битола, 1960

Воената музика опстојуваше до крајот на седумдесетите години на минатиот век. Тогаш се трансформира во забавни оркестри прераспределени во офицерските домови во Битола, Охрид, Прилеп и Кичево. Денес единствен жив музичар од оваа воена музика кој живее во Битола е нашиот сограѓанин Градимир-Граде Стојановски. Свиреше на флаута и саксофон. Виталноста се уште му дозволува да го гледаме како го вози својот пони-точак низ Широк Сокак.

# ПРВИ ЧЕКОРИ КОН МУЗИКАТА

Ликот на мојот наставник по виолина Ѓорѓи-Цика Османли ке остане во трајно сеќавање за мојот музички живот. Тој е човекот кој ја постави основата на моето свирење на виолина. Од држењето со инструментот, до првиот тон со повлеченото гудало.



Тоа се случи есента во 1954 година кога паралелно со третото одделение во основното школо, родителите ме запишаа и во Нижото музичко училиште во Битола. Започнав да пловам во музичките води од кои сеуште не сум излегол. Мојот наставник по виолина беше вистински педагог. Негови особини беа непосредноста и тактичноста, несебично пренесуваjќи го своето знаење на неговиот ученик. Паралелно со музичкото описменување, започнав да ги читам нотите и да го пренесувам нивниот звук на виолината. Изминаа неколку години. Го чувствував задоволството на наставникот од моето совладување на програмата. Станав негов миленик заради мојот труд со кој му возвраќав за неговиот влог. Ниту наставникот не ми остана должен. Првата моја награда за наученото свирење дојде во пролетта

1957 година кога ја завршив третата година во Нижото музичко училиште. Мојот наставник Цика-како што беше познат во јавноста одлучи јас да го претставувам школото на Државниот музички натпреват во Загреб. За мене тоа беше првото музицирање надвор од мојот роден град. И тоа не било каде, туку во градот со музичка традиција која беше призната и надвор од тогашна Југославија. Јас бев сеуште малолетен, а со мене патуваше и мојот наставник Цика Османли. Среќен бев што со својот настап ја оправдав неговата доверба. Во животот уште многу други моменти ме врзуваат за мојот благороден наставник по виолина. Свиревме еден покрај друг на концертите на Битолскиот симфониски оркестар, а подоцна и на многуте настапи со првиот Камерен оркестар во Битола.



Со мојот наставник Цика, помеѓу девојките, во Камерниот оркестар, 1974

# СТАРИОТ ТЕАТАР

Ценам дека сум настапил на речиси 1000 концерти на народна и сериозна музика. Од многуте кои ги паметам, со задоволство го издвојувам мојот прв сценски настап. Посебно ми е драго што тоа се случи во стариот театар во Битола.



Како ученик во Основното музичко училиште во класата на мојот драг наставник Цика Османли, на единаесет годишна возраст настапив со мојата прва виолина, со клавирска придружба на една година повозрасната другарка Василка Костоломова. Тој настап беше објавен во весникот „Нова Македонија“. Бев среќен, многу се радував кога како дете го прочитав моето име.

Уште неколку музички настапи ме врзуваат за стариот театар за во 1994 година да ставам печат на својата музичка кариера со продолжувањето на професионалната дејност во наредните дваесет години како адвокат.

# БИТОЛСКИОТ СИМФОНИСКИ ОРКЕСТАР

На иницијатива на група музички ентузијасти, во 1960 година во Битола беше формиран Битолскиот симфониски оркестар. Посебна заслуга имаше професорот- академик Георги Здравев, брзо по неовото враќање од Сараево, откако ја заврши Музичката академија на отсек диригирање. Тогаш беше единствен музичар со таква специјалност во нашиот град. Оркестарот беше составен од битолските воени музичари, завршените ученици од Нижото музичко училиште и ентузијасти-музичари, вљубеници во сериозната музика. Ќе ги спомнам само имињата на д-р Вангелако Цима и д-р Тома Замаули. Прв претседател на Симфонискот оркестар беше писателот Лазо Каровски кој тогаш беше професор во Учителската школа во Битола. Оркестарот своите проби ги одржуваше во салата на Учителската школа. Во тоа време културните настани вообичаено се одржуваа на бината на киното „Трудбеник“. Така и Симфонискиот оркестар најчесто своите концерти ги изведуваше на сцената на тоа кино. На некои од концертите, на покана од оркестарот со своето искуство во музицирањето му помагаа и најдобрите инструменталисти од Скопскиот симфониски оркестар. За мене, врзано со Битолскиот симфониски оркестар, највпечатливи ми останаа солистичките настапи во 1960 година, на македонската оперска дива Ана Липша, солистките Зина Крељa-Битолчанка и Марија Христова.



## Успешна концертна изведба на операта „Орфеј“ во Битола

Битола, 13 јуни

Вечерва во преполнетата сала на кино „Трудбеник“ во Битола беше концертно изведена операта „Орфеј и Евридика“ од Кристо Вилибалд Глук. Во оваа прва оперска манифестација на Битола учествуваа првенката на скопската Опера Ана Липша, како Орфеј и солистките на скопската опера Зина Крења и Марија Христова, младинскиот хор и битолскиот симфониски оркестар. Веднаш по изведбата, младиот диригент Ѓорѓи Здравев изјави дека наскоро ќе ги започне припремите за сценско изведување на операта „Севилски от бербер“ од Росини.

Д. Д.

Во врска со овој напис ќе издвојам еден за мене драг спомен. Се случи на концертот на овој ден, во оркестарот да свирам на еден пулт со мојот татко кој беше воен музичар.



Битолскиот Симфониски оркестар

# ПРВИОТ КАМЕРЕН ОРКЕСТАР

Од формираниот Симфониски оркестар во 1960 година, подоцна во 1970 година произлезе трансформација и создавањето на првиот Камерен оркестар во Битола. Овој оркестар всушност беше скратен состав на членовите на Симфонискиот оркестар. Тој се состоеше од воени музичари како Јонче Новевски и Божидар Петровиќ..., музички ентузијасти како што се поранешниот наставник во Нижото музичко училиште Горги Османли, непрофесионалци со завршено музичко образование како д-р Вангелако Џима , д-р Тома Замаули, д-р Јосиф Жупски, Слободан Димитров-адвокат, Томе Јанакиевски-археолог и директор на Музејот, Михајло Бандевски-дипл. машински инженер, Петар - Калица Ѓоргиев - адвокат, Симеон Караболев-дипл. економист, музичките педагози-музичари Зорица Петрова и Павлина Нечевска, Шериф Шукриевски-музичар, Дора-музичар од операта во Скопје, Христаки Наумовски-професор по виолина и ученици од тогаш веќе постоечкото Средно музичкото училиште во Битола. Понекогаш гостин на нашите концерти во оркестарот беше виолинистот Ѓоко Николовски-концертмајстор на Скопската филхармонија. Диригенти на оркестарот беа професорот-академик Георги Здравев кој беше и организатор на оркестарот и Милан Спиридонов-капелник во воената музика.



На проба во КУД „Стив Наумов“ во Битола

На програмата на оркестарот беа познати нумери од светски композитори. Камерниот оркестар своите проби ги држеше двапати неделно во просториите на КУД „Стив Наумов“ на Широк Сокак. Оркестарот настапуваше во Битола и

во околните градови како Ресен, Демир Хисар и други, за празнични прослави, свечености, на отворање на изложби во Уметничката галерија, во Ученичкиот женски интернат во Битола и за разни пригоди. Често настапуваше и во фабричките хали, со кратки програми за време на дневните одмори меѓу два работни процеси. Ги паметам настапите во „Преспатекс“ и „Столичарата“ во Ресен, во „Битолатекс“, како и за болните во болницата во Демир Хисар. Членовите на овој Камерен оркестар музицираа без никаков паричен надоместок, со ентузијазам и со љубов кон својот град.




1975-Концерт во Домот на армијата-Битола

# НАРОДНАТА МУЗИКА-МОЈА ОПРЕДЕЛБА

Слободан Димитров, поблиските ме викаат Данчо. Прв пат светлината ја видов во ослободена Македонија, четири дена пред новата 1946, во музика фамилија. Татко ми се пензионира како воен музичар. Од раното детство контактирав со музичари и се друже в со музиката. Нижото музичко училиште музички ме описмени.



Покрај другите соученици, во училиштето се запознав и со Боцкинот. Нему му должам благодарност што ме вовлече во народната музика. Во Музичкото училиште за време на паузите си потсвирнувавме народна музика. Тоа беа првите мои почетоци во народната музика која стана моја определба. Така започна мојот времеплов и мојата кариера во народната музика.

Ако не го изговориш името Боцкин, малкумина ќе знаат дека се работи за Борис Талевски. За него можам да кажам многу повеќе отколку сите останати во овие сеќавања. Едно попладне со точак дојде под прозорот на нашата куќа и ме извика. Рече, „ајде ела вечер со виолината во Јени-мале, ќе свириме во Домот". Штом Боцкинот ме вика, не чекав двапати . Таму ја доживеав првата љубов кон народната музика. Прв пат засвирив со народен оркестар. Беше тоа во 1959 година. Боцкинот го водеше оркестарот, а јас до него. Таму најнапред ги запознав: Борис Стојановски- Цурикот и Панде Коминовски-Пашата, двајцата хармоникаши, Живко Илиевски-кларинетист, Усамедин Умер-тапанар, а тропаше и на тарабука, Бошко-флаутист, Томе Наумовски-гитарист, Томе Спасов-Ѓуш-контабасист и Цане



Стојановски (Узунот)-тапанар. Подоцна од оркестарот ги запознав: Вевки Амедов-кларинетист, Славе Наумовски-Чапче (со најдолг стаж и се уште го води оркестарот на КУД „Илинден")-кларинетистот, Рамадан-Шукри - на тапанче, кој заврши како контрабасист во Скопската опера, со национална пензија како заслужен уметник, Кочо-Кочани Стојановски-на гитара (автор на песната „Те видов и се заљубив"), Борче Шарко-гитарист и контрабасист, Јово-контрабасист, Љупчо Соколов- виолинист (после тоа стана професор по виола во Музичката академија во Скопје) и многу други од помладите музичари. Ги затекнав Фере, Тасе и Ипче на тапанче и зурла.




Првиот оркестар на КУД „Илинден"–Битола, 1959

Од првите пејачи со кој свиревме ги зампаметив: Виолета Крнчева (денес Томовска), Аспасија Чамова, Пепи Бафтировски, Трајче Костовски, Миле Трпевски, Ратка Параманка, дуетот Јорданка Куцулова и Ѓорги Андреевски (Гандичо), дуетот Лидија и Борче Дуковски, Софија Бешовска- Кочевска... Тоа беше КУД „Илинден"-музичката секција на фолклорниот ансамбл. Времето минуваше. Се нижеа годините, се редеа нови, помлади членови на оркестарот, пејачи и играчи во фолклорниот ансамбал, овде не споменати. За успесите на ансамблот треба да се спомнат и имињата на управата: писателот Владимир Костовски-Чулата (така си го викаат и дома), Благој-Бале Петров, Живко Матевски-Мате, Кочо од Пиварата, Драги Николовски и други.

КУД „Илинден" од Битола ми овозможи четири години да продолжам да музицирам со академците на АКУД „Бранко Крсмановиќ" од Белград, да настапам и со повеке познати естрадни уметници од YU просторите (Кочо Петровски, Тале Огненовски, Предраг Гојковиќ-Цуне, Оливера Марковиќ, Петранка Костадинова,

Душица Билкиќ претходно Стефановиќ, Мирко Рондовиќ, Александар-Аца Трандафиловиќ...). Со народната музика пропатував низ цела Европа и на повеќе



КУД „Илинден“ во Епинал, 1968

континенти. Имав можност да свирам и пред познати државници од целиот свет. Во 1968 се вратив од Белград во мојот матичен „Илинден“ во Битола, со понов состав во оркестарот, но во секој состав со мојот вечен другар Боцкинот (на неговата свадба му свиревме со Панде Коминовски-Пашата). Подоцна настапував со студентскиот ансамбал „Даме Груев“ од Битола и Ансамблот на староградски песни „Битола“. Со отпочнувањето на својата адвокатска дејност во 1994 година, музичката кариера ја заокружив со речиси 1000 настапи, за моето мото да биде, адвокатурата е мое занимање, а музиката е мојата љубов.



На адвокатска забава, за задоволство на колегите, а за мене спомен фотографијата од мојот драг колега, адвокат Александар Танчевски-Ѓуш

# ПРВОМАЈСКА ПРОСЛАВА



Повеке години по ослободувањето, 1 Мај во Битола се прославуваше во вистинска смисла на зборот. Атмосферата беше свечена. Се правеше организирана колона од луѓе и возила, секогаш по утврдена маршута, од Офицерскиот дом кон центарот на Битола и секогаш завршуваше кај стариот театар со свечена програма пред насобраниот народ.

На чело од поворката чекореше Воената музика свирејќи борбени песни и други свечени маршеви. Секоја фабрика и претпријатије од градот, со свои вработени качени на отврените возила презентираа дел од својата дејност и најновите достигнувања, а вежбачите изведуваа свои вежби на справи.

Еден од нив беше Јонче-наставникот по фискултура во училиштето „Гоце Делчев", кој иако во поодминати години, цело време на разбојот качен на отворен камион изведуваше свои вежби.

Граѓаните излезени на своите балкони украсени со државни знамиња и црвени дифтици префрлени преку балконите, кликаа и му ракоплескаа на луѓето од колоната. Останатите граѓани веќе беа насобрани околу бината пред стариот театар, во очекување на уметничка и забавна програма. Покрај оркестарот на Радио Битола, со своите пејачи учествуваше и оркастарот на КУД „Илинден" со свои познати пејачки имиња како што се Томислава Секулова, Петар Кочовски и други. И јас во 1960 година со виолината имав настапено на прославата на 1 Мај на бината пред стариот театар, со Панде Коминовски-Пашата на хармоника и пејачот Петар Кочовски. Драга ми е таа фотографија со оркестарот на КУД „Илинден". На крајот од програмата секој си одеше дома на веќе приготвениот свечен ручек.

# НОВА ГОДИНА ВО СУДОТ

Јас бев веќе член во првиот состав на Народниот оркестар во КУД „Илинден". Се ближеше дочекот на Новата 1961 година. Сите кафеани и работните колективи, секој на свој начин се подготвуваше за дочекот на Новата година која наближуваше , а дочек без музика не можеше да се замисли. Секое друштво сакаше да има подобар музички состав кој ќе го забавува. Таа нова година и колективот на Окружниот суд во Битола се подготвуваше организирано да ја дочека. Замислено беше свечената забава да ја организираат во просториите во судот. Определија да биде во холот на првиот спрат. Тогаш немаше прегради од канцеларии. Да, но дочек без музика не бива. Изборот падна на нашиот оркестар. Во составот таа вечер свиревме: јас на виолина, Панде Коминовски-Пашата на армоника, Живко Илиевски на кларинет, Дафино на гитара и Усамедин Умер на чез со пејачот Петар Кочовски. Таа вечер по две работи ми остана во трајно сеќавање:

-музичката програма се исполна со првиот засилувач на КУД „Илинден". За разлика од денешната електронска опрема, тогаш Друштвото располагаше со засилувач со ламби, а поради греењето на ламбите кои развиваа голема температура, тоа мораше да биде без неговата железна покривка, а денес застарениот микрофон беше наменет за пејачот;

-кога свирев со виолината на таа свечена забава не можев ни да сонувам дека 40 години по таа вечер, во истиот простор како адвокат, на клупата ќе чекам да бидам повикан да влезам во една од судниците за застапување на своите клиенти.



# СО САШКА ПЕТКОВСКА ВО КРУШЕВО



Еден од моите први настапи со КУД„Илинден“ надвор од Битола беше концертот со кој во 1961 година битолските уметници се претставија пред публиката во Крушево. Иако изминаа веќе шеесет години, се уште ми останаа во сеќавање неколку моменти од тоа гостување во градот на највисока надморска височина на Балканот .По пристигнувањето во тој град, концертната група беше сместена во тогаш можеби единствениот хотел „Илинден“ кој се уште постои. Го паметам подиумот каде што се одржа концертот. Тоа беше кино сала која, денес кога поминувам покрај неа, ме потсеќа на одржаниот концерт, сега од надвор иста, но внатрешниот лик во ново современо руво

Се сеќавам уште на неколку поединости кои ми останаа во сеќавање. Кон-цертот се состоеше од два дела. Првиот, на кој настапија членовите на нашиот ансамбал со своите фолклорни точки и пејачи. Од вокалите се сеќавам на една од првите пејачки во Друштвото, Аспасија Чамова со нејзиниот звонлив глас. Конференсие беше Томе Саздов, тогаш спикер на Радио Битола, а подоцна и на Радио Скопје. Вториот дел од концертот беше исполнет со забавна музика.Точно тој дел е оној кој ми даде мотив да ја напишам оваа сторија и да ја посветам на една прерано почината дива на југословенскиот забавен мелос. Тогаш сеназираше нејзиниот талент, а со својата милост мамеше симпатии кај целиот битолски состав кој таа вечер концертираше во Крушево. Водителот на програмата ја најави, а публиката со овации ја испрати тогаш десетгодишната интерпретаторка која вечерта отпеја неколку забавни мелодии во придружба на забавен оркестар. Тоа девојче беше убавата Сашка Петковска.



Нејзиниот специфичен глас ќе ни остане во трајно сеќавање со антологиските евергрини „Бакни ме“, „Чао, адио“, „Пушти ме како птица“, „Запри срце“, „Никогаш, никогаш“, „Гриша“, „Сеќавања“...

# ТАЛЕ ОГНЕНОВСКИ




Името на Тале Огненовски е врзано за почетоците на повоената народна музика во Македонија, како инструментален изведувач и композитор на бројни нумери на македонска народна музика.

Тој е еден од доајените и основачите на народниот оркестар на Радио Скопје. Ние битолчаните посебно сме горди што тој потекнува од нашето, битолско поднебје. Битола го познава од неговите млади години, кој како кларинетист својата прва музичка писменост ја добил точно во битолската воена музика. Иако својот животен и творечки век го помина надвор од своето родно место, Тале Огненовски не престана да се докажува како битолчанец. Во повеќе наврати тоа го потврдуваше на дело.

Повозрасните се сеќаваат дека во шеесетите години во повеќе дисциплини се одржуваа натпревари помеѓу градовите. И КУД „Илинден“ настапуваше на такви натпревари, а јас бев член на оркестарот. Имав прилика и зад сцената да ги гледам настаните. Ми остана во сеќавање еден таков натпревар во салата на киното „Трудбеник“ помеѓу Битола и Штип. Во музичкиот дел се натпреваруваа најдобрите кларинетисти на двата града, Тале Огненовски ја претставуваше Битола, а претставник на Штип беше Иљми Јашаров, татко на денешниот естраден уметник, кларинетист и сакофонист Ферус Мустафов. Беше право доживување за публиката да ги гледа во натпревар двајцата мајстори на нивните волшебни музички инструменти. Тогаш беа во зенитот на својата музичка кариера. Пред официјалниот настап се одржа генерална проба. Мене ми беше поинтересно случувањето зад сцената. Тале по природа беше пргав и самоуверен човек. Не трпеше музички порази во животот. Му предложи на Иљми како проба да направат мини натпревар во просторијата за загревање, наизменично едниот да ја започне, а другиот да ја продолжи истата музичка нумера. Околу двајцата се насобраа сите учесници на приредбата. Се создаде многу пријатна натпреварувачка атмосфера, натпревар над натпреварите пред натпреварот помеѓу двата града. На крајот од меѓусебното натсвирување двајцата уметници си подадоа рака и братски се прегрнаа, а воодушевената несудена публика ги награди со спонтано громогласно ракоплескање.

# СРЕДБА СО СОМБОР

Беше тоа на почетокот на шеесеттите години.За мене беше едно интересно патување. Стигнавме во банатски град за кого сум слушал, но дотогаш немав прилика да го видам. Како и Битола, град опејан во песните .Бевме гости на тамошните срдечни домаќини во Сомбор. Беше тоа настап на фолклорниот ансамбл на КУД „Илинден“. За мене не ќе беше толку значајно, ако за прв пат во мојата музичка кариера нашиот настап не беше мешовит. Со нас беше и хорскиот состав на друштвото „Стив Наумов“ од Битола. Заедничкиот концерт му даваше посебност на настанот за мене, но и за публиката која не следеше со нескриен интерес и по секоја завршена точка знаеше со долготрајни ракоплескања топло да не награди. Во текот на нашиот престој имавме и слободно време, кое го искористивме за прошетка и разгледување на градот .Овој дел од посетата ми остана во трајно сеќавање. Сфатив дека се наоѓаме во градот на зеленилото. На секоја од широките улици на рамничарскиот град во Војводина беше впечатлива бујната вегетација. Посебно уживање беше шетањето под сенките на разлистените високи дрвореди. Од двете страни на тротоарите, перспективата на зеленилото како да завршување во една точка.



Доживување кое вреди да се забележи. Секој ќе посака повторно да прошета низ ова градско зеленило на Сомбор. За мене тоа остана само неостварена желба.

# ОФИЦЕРСКИОТ ДОМ

Покрај практикувањето на својата основна намена, може да се каже дека Офицерскиот дом беше и храм на културните збиднувања во Битола. Во него, особено во салата на спратот, позната како свечената сала, која пленеше со величенствениот кристален лустер и паркетот со ромбоидни кругови составени од разнобојни тријаголници,одржани се бројни концерти, балови, дочеци на нови години,свечености и снимени се филмови и музички емисии. Во Офицерскиот дом настапуваше Првиот битолски камерен оркестар, се одржуваа фестивалите „Интерфест", „Серенада на Широк Сока"„, Илинденски денови" и уште многу други уметнички манифестации. Во тој дом имаат настапено многу познати естрадни уметници од поранешната ЈУ држава и сегашната македонска естрада. Има многу убави и интересни случувања во Офицерскиот дом на кои сетно и со носталгија се сеќаваат повозрасните битолчани. Таму со музика се имаат одржано и многу генерациски матурски вечери, а за младината се одржуваа и неделни попладневни матинеа. Секој учесник на некој од настаните се сеќава на некоја случка врзана за Офицерскиот дом во Битола. Од многуте сеќавања ќе издвојам едно од мојата рана младост кое се однесува на музиката. Во шеесетите години кога свечената сала беше во зенитот на својот сјај, КУД „Илинден' од Битола имаше чест да сними една програма со народна музика.



Пред настапот на оркестарот беше вообичаено да се наштимат инструментите. Тогаш, во еден агол од свечената сала Боцкинот забележа оган. Притрча тој, притрчавме и останатите од оркестарот. Имаше што да се види. Мојот драг колега Усемедин Умер беше наведнат над еден истуткан лист од весник. Видно возбуден Боцкино го прекори за запалената хартија: „Кај најде да палиш оган над овој убав красен паркет". Усамедин чукајќи ситно со прстите по кожата од инструментот ладнокрвно му одговори: „Ја штимам тарабуката".

# ХОТЕЛ „МАКЕДОНИЈА“ – КАФЕАНА

На една стара фотографија објавена на Интернет, во групата „Стари Битолчани“ го видов хотелот „Македонија“ во Битола. На приземјето се гледаше хотелската кафеана, а најгоре лампиони наредени по оградата на терасата. Се потсетив на шеесетите години и за спомените кои ме врзуваат за објектот во тие години. Тој беше изграден пред хотелот „Епинал“ и Домот на културата. Сите свечени и други прилики се случуваа во хотелот „Македонија“. Кафеанaта беше за дневни настани особено во постудените денови и навечер. Првиот оркестар на КУД„Илинден“ имаше чест повеќе пати да настапи на приредбите и вечерните забави во таа сала, пред ќошот на кој од едната страна на ѕидот беше нацртан интересен модернистички мурал, а на другиот подлог ѕид од истиот агол имаше голема разиграна преграда со убави украсни предмети наредени на неа. Тогаш оркестарот броеше осум членови. Се сеќавам дека покрај мене беше Борис Талев-ски-Боцкинот, двајцата со виолини, Панде Коминовски-Пашата со хармоника, Живко Илиевски со кларинет, Томе Наумовски и Дафино со гитари, Томе Спасов-Ѓуш свиреше на контрабас и Усамедин Умер кој тропаше на џез. Убав состав кој секогаш знаеше да направи прекрасна атмосфера.



1962-Оркестарот на КУД „Илинден“ во ресторанот „Македонија“

# ЛЕТНАТА ТЕРАСА



Летната тераса на хотел „Македонија" беше посебна приказна. Таа беше единствената во Битола до изградбата на хотелот „Епинал". Со своите лампиони вертикално распоредени на преградниот зид на врвот на хотелот, од високо, гордо и' се спротивставуваше на околината, Сега е напуштена старица оставена на забот на времето. Секоја убава летна вечер, на терасата имаше богато мени со вкусната битолска скара, зачинета со музика и со познати пејачки имиња. Како средношколец во летото 1963 година имав чест со својата виолина да свирам на таа тераса. Во оркестарот, колку што се сеќавам, беше Панде Коминовски -Пашата на хармоника, а пејач беше нашиот Пепи Бафтировски.



Гости на терасата беа познати, видни и невидни битолчани, но секогаш одбрано друштво. Како денес се сеќавам, една вечер дојде на скара и да слуша убава музика, тогаш познатиот и почитуван доктор Константин Робев со неговата сопруга. Седнати покрај оградата не далеку од музиката, уживаа во нејзините изведби и песните кои тогаш ги пееше Пепи. Истите тие нумери од терасата на хотелот, денес можат во негова изведба да се чујат и на Youtube.

На средината од ѕидот спроти оградата имаше специјално изграден простор во вид на школка со подиум за музиката, која имаше и посебна маса за одмор .Освен договорената парична награда за исполнување на програмата, за време на паузата секој музичар за вечера добиваше порција кебапи со гарнир.

На крајот од сезоната, од заработените пари си купив убава тегет спортска виндјакна од шушкавец кој тогаш беше во мода. Фотографиите на кои сум сликан во неа ги чувам како спомен на едно срећно и убаво поминато детство.

# СРЕДНОШКОЛСКИ ДОЖИВУВАЊА

Средното техничко училиште „Ѓорги Наумов“ во Битола, порано „Ѓуро Салај“ беше школо со традиција и со своја препознатливост. Тоа имаше нешто што многу други училишта го немаа. Покрај редовната настава имаше повеќе содржини преку кои учениците го исполнуваа слободното време. Школото својата културно- уметничка активност ја исполнуваше преку својот народен оркестар со солисти, дуети и пејачка група. Се уште ми е во сеќавање симпатичниот женски дует на тогашните средношколки Ангелина-Анѓа Петреска и Лиљана Попјанева. Во исто време училиштето имаше и солидна драмска секција. За уметничкиот дел од активностите се грижеше професорот по македонски јазик Илија Алушевски-Алушот, некогашен играорец во „Танец“ и музички соработник во радио Битола, а беше заменик директор во училиштето. За музичкиот дел беше одговорен наставникот по пракса Менде кој свиреше и на хармоника во оркестарот .Како гимназијалец јас бев надворешен член и свирејќи на виолина го водев училишниот оркестар. Уметничката група со своја пригодна програма настапуваше на училишни прослави и на разни манифестации и приредби во Битола.

Техничкото школо имаше традиционална соработка со исто такво училиште во Кочани. Во пролетта 1963 година бевме гости на тамошното техничко школо. Секој ученик беше сместен во домот на свое другарче од градот домаќин. Се сеќавам, јас бев определен да престојувам кај другарот Мите Митев, со кого долго време после тоа се допишувавме. Затоа ја запаметив и адресата „Старо игралиште“ број 2, а од нивниот двор се излегуваше на фудбалскиот терен во градот.



Покрај музичкиот дел, од програмата ми остави впечаток изведбата на хумористичната претстава „Мува“ во која глумеа учениците Димче Дурдубаковски и Димче Робев. Димче, мојот пријател понатаму во животот, низ школувањето заврши машински факултет во Београд и е угледен стручњак во Битола. Тогашниот ученик Робев по долго време поминато во Австралија, пензионерските денови ги минува во Битола.

По четириесет години од детството, адвокатската струка уште еднаш ме одведе во Кочани, за повторно да се видам со мојот другар Мите, да се потсетам на познатото Кочанско езеро и уште еднаш да понесам драги спомени од убаво средениот македонски град, познат по кочанскиот ориз.

# ЗБРАТИМЕНИОТ ГРАД ЕПИНАЛ

Епинал е град во источниот дел од Франција во регионот Лорен, недалеку од швајцарската граница. Градот брои околу 380.000 жители. Битола и Епинал имаат долгогодишна збратименост која традиционално активно се негува. 1968 година е забележана како година на збратимувањето на двата града. На фолклорното КУД „Илинден" од Битола во таа 1968 година му припадна честа, со првата посета на официјална делегација од Битола, да биде и првиот културно-уметнички амбасадор од Битола во штотуку збратимениот град. Најнапред ансамблот со прошетка низ улиците на Епинал ги прикажа богатите шаренолики народни носии од нашиот крај. Тоа беше топло поздравено од насобраниот народ. Врв на воодушевувањето беше одржаниот целовечерен концерт на преполниот стадион со посетители. Во чест на збратимувањето на двата града, во паркот на Епинал беше организиран голем огномет. Тој свечен миг се уште ми е во незаборав. Во сеќавање ми е и убавата река полна со зелена флора која минува низ центарот на градот. За одбележување е и фактот дека во Епинал била основана првата печатница во Франција. Во убавиот збратимен град постои и елитна станбена населба која го носи името на Битола. Нашиот град достојно се оддолжува на градот-побратим од Франција, со името на најголемиот хотел во Битола, со името на една од улиците во Брусничката населба која се вика „Епинал", како и посебниот простор спроти стаклената зграда, кој со посебно изградена поставка го симболизира урбаниот дел на збратимениот град од Франција. Знамето на Епинал се вее на јарболот поставен на средината од поставката. КУД „Илинден" има повеќе пати настапувано со своја програма во збратимениот град. Во рамките на една таква турнеја во 1968 година беше и гостувањето во градот Ремиремонт, во непосредна близина на Епинал. Целодневнот изведен концерт во Ремиремонт беше во рамките на одржувањето на „Фестивалот на кравата". Во живописната поворка низ градот, со народни носии беа и фолклористите на КУД „Илинден"..


442

Илија Хр. Алушевски

ловечерен концерт не беше случај со другите учесници. Тоа претставуваше вистинска вечер на македонско-францускотo пријателство. А утредента во весниците излегоа огромни колони написи полни со пофални зборови и фотографии.[5]

Сл. 9. Од целовечерниот концерт.

Покрај концертите и дефилето КУД Илинден од Битола ѝ

Концертот на стадионот во Епинал

# РЕСТОРАН „МЕТРОПОЛ“

Во 1969 година Скопје, како главен град на Република Македонија обилуваше со повеќе хотели и хотелски ресторани, особено во центарот на градот. Не би го забележал тоа како битолчанец, ако еден од тие ресторани, во еден сончев неделен ден во таа есен не оставеше трага од едно интересно доживување во мојот музички живот, кое е вредно за одбележување. Се‘ беше случајно, а како да беше наместено. Кларинетистот Тале Огненовски со сопругата живееше во Скопје, како член на народниот оркестар на тамошното радио. Беа роднини со хармоникашот Панде Коминовски- Пашата од Битола, со кого јас настапував со виолината. Двајцата имаа зацртано да снимаат плоча. Со Пашата заминавме на увежбување на музиката во Скопје. Отседнавме во куќата-барака на Тале. Неколку дена го подготвувавме материјалот за снимање, се сеќавам деновите беа топли. Сопругата на Тале во дворот ни печеше пиперки за салата, кога во саботниот ден дојде корпулентниот Смолски- тапанар и тропаше на тарабука во радио оркестарот со Тале. Беше весел кога на Тале му соопшти дека во ресторанот„ Метропол“ за наредното пладне пазарил за свирење на свадба. Тале не погледна двајцата новодојденци и му потврди дека свадбата ќе има и музика. Така јас наместо во студио за снимање се најдов на скопска свадба. Не ми беше толку до свадбата и Пашата со кого имав повеќе пати настапувано до тогаш, колку што таа свадба ми овозможи да свирам со уште двајца врвни познати интерпретатори на македонската народна музика. Јас имав само дваесет и четири години. Да биде вистината уште поинтересна, иако програмата беше подготвувана за снимање, не влегов ни во студиото за снимање на плочата. Наредниот ден мојот татко ми прати порака дека пристигнала покана за војска и треба веднаш да се вратам во Битола. За скоро време ја облеков сиво-маслинестата војничка униформа.



# ПРВИОТ ИЛИНДЕН

Многу градови во светот негуваат традиција да организираат фестивали во разни области од културата. Битола е горда на својата педесет годишна презентација на играорни и музички култури од целиот свет.

Исто толку години Културно уметничкото друштво „Илинден“ од Битола е водечки презентер на овој вид на македонска култура. Од повеќето, го паметам првиот фестивал на „Илинденски денови“ во 1971 година .Бев учесник на тој прв фестивал. Во изминатите 50 години се менуваа генерациите, но 50 години по ред КУД „Илинден“ не пропушти ни една година да биде водечки ансамбал и секогаш со традиционалното„ Комитско оро“ да ја отвара оваа музичка манифестација во нашиот град. Никој од учесниците на првиот фестивал не наслутуваше дека оваа манифестација ќе прерасне во меѓународен фестивал. Со текот на времето низ Фестивалот продефилираа повеќе од 1.000 фолклорни групи од сите континенти во светот со над 30.000 учесници. Во традиционалните податоци е забележано дека сите педесет години на назад првиот фестивалски ден го означува 27. ден во месец јули за секој 1. август во годината да биде последниот програмски ден на Фестивалот.



# АНСАМБЛОТ „БРАНКО КРСМАНОВИЌ“



Мојот четиригодишен студентски престој во Белград (1964-1968) значеше нов видик на патувањето низ животот со музика. Студентскиот фолклорен ансамбл АКУД „Бранко Крсмановиќ“ беше мој нов предизвик. Народниот оркестар по традиција беше составен од студентите на Музичката академија. Дружењето со нив, кај фолклористите направи впечаток дека студирам музика, се' до моето заминување од Белград.

Бев почестен кога на концертите го објавуваа моето име како водител на оркестарот на фолклорниот ансамбл.

Тогашната наша држава беше во видлив подем на повоената изградба. Немаше град или место, по разни поводи или свечености на кои ова културно- уметничко друштво не беше присутно.



На улиците низ Београд-Крсманац на Кнез Михајлова

Се редеа низа ТВ музички емисии. Многу чести беа концертите и настапи со бројни најпознати ѕвезди на музичката естрада на народната музика. Имав чест да свирам со Предраг Гојковиќ во Египет, со Оливера Марковиќ во Домот на синдикатите во Београд, со Душица Билкиќ и Аца Трендафиловиќ, низ Србија секаде со пејачот на ансамблот-Мирко Рондовиќ. Со нашиот оркестар беа денес

познатите инструменталисти Бата Канда и Тоша Елезовиќ- хармоникаши, Аца Шишиќ-виолинист, Миша Блам- контрабасист...

Ансамблот беше украс и на свечени приеми на високи странски државници. Оркестарот беше присутен и на патувањето на Тито низ земјата, со играорците и на слетовите на Денот на младоста. Ансамблот ми овозможи да бидам учесник на бројни фестивали и турнеи низ земјата, надвор од неа и не само низ Европа. Ансамблот „Бранко Крсмановиќ“ за мене стана дел од мојот музички времеплов.




После 50 години во просториите на „Бранко Крсмановиќ“

# РИБАРСКА ФЕШТА



Дунав-Тиса –Дунав е систем од канали во Јужна Бачка во Војводина. Каналите ги поврзуваат водотеците на реките Дунав и Тиса. Од вкупно 960 км, 600 км е пловна водна должина која поврзува 60 населби во Војводина. Овој повеќенаменски систем, покрај другото, дава можност за туризам, лов и риболов. Постојат повеќе риболовни друштва кои традиционално одржуваат рибарски средби. Едното од нив е риболовното друштво од Надаљ, населено место во општина Србобран. На 21.04.1965 година академскиот фолклорен ансамбл „Бранко Крсмановиќ" од Белград беше поканет на нивната богата рибарска средба на која имав прилика и јас да настапам како член на Ансамблот.

По настапот на белградските студенти, на зелената трева покрај живописното зеленило до еден од каналите полни со протечна вода, од поставените шатори беше направен импровизиран логор. Во весела атмосфера се одржа вистинска рибарска фешта, која за мене беше несекојдневно доживување. На средината од логорот, вештите рибарски раце направија огништа и над секој оган беше ставен по еден вертикален кос метален троножец. На секој троножец висеше по едно котле. На тивкиот оган во секое котле се вареше приготвената рибна чорба. Денес, по педесет и шест години се уште го осеќам мирисот на таа убаво приготвена рибна чорба, изедена во вистински рибарски амбиент кој ни го приредија срдечните домаќини.



Мој спомен од рибарската средба

# ЦРНОГОРСКО ПРИМОРЈЕ-СВ. СТЕФАН

Беше јули 1965 година. Првата моја студентска турнеја со АКУД „Бранко Крсмановиќ" од Белград, триесет дена по Црногорското приморје. Тоа за мене беше и првата прилика да ја пробам солената вода на бистрото сино Јадранско Море. Организатор на турнејата беше „Монтенегро турист" од Титоград. Ансамблот беше стациониран на брегот во Пржно, на 100 метра од познатиот хотел „Милочер", до ексклузивната населба Св.Стефан, резервирана за елитни странски гости. Дневните часови ги поминувавме во капење и разонода со слободни активности и по некое вежбање на програмата со оркестарот.За нашите потреби се грижеше присутниот претставник на организаторот на турнејата. По нивниот утврден распоред, во предвечерните часови, автобусот не превезуваше до сцената каде требаше да се изведе нашата целовечерна фолклорна програма. Се изведуваа песни и ора од поднебјето на сите YU републики. Ансамблот беше толку увежбан до професионална совршеност, што нашиот службен домаќин не можеше да поверува дека на сцената се истите тие голобради момчиња кои дење разголени се прскаа по морската вода. По завршувањето на уметничката обврска, секогаш по вечерата, за нас настапуваше другарско опуштање со традиционален начин на сопствено задоволство со песни и свирки за своја душа. Тоа траеше до полноќните часови, кога започнуваше новиот концертен ден.Така се редеа и се повторуваа концертите низ градовите и сцените по целото приморје и во внатрешноста на Црна Гора. Во Будва концертите беа на летната сцена на возвишението на стариот римски град. Во Титоград на отворена сцена, во Петровац на мору на летната сцена покрај самото море. Во Никшиќ концертиравме на отвореното ракометно игралиште.

Од секое место, од секој концерт носам по некој спомен во душата .Цел век паметам дека на вечерата по концертот во Никшиќ, пиев никшичко црно пиво. Секогаш после тоа кога имам прилика, порачувам такво пиво. Го пијам со големо задоволство и се потсеќам на чашката пиво во Никшиќ. Во меморијата ми остана сеќавањето кога на еден концерт во Будва, на водителот на оркестарот му се скина жица, па набрзина својата виолина ја замени со виолината на првиот колега кој беше до него.

Круната на моите црногорски мемории беа капењата на „Краличината плажа" во Милочер каде Мате Парлов се подготвуваше за освојување на светска титула во бокс. Се сеќавам и на фудбалскиот YU репрезентативец Милан Галиќ кој на ситната црвена песок на плажата во Св. Стефан со своите другари играше пинг понг. Ги паметам и дневните прошетки покрај хотелските апартмани во светски познатиот Св. Стефан, кој од некогашно островско село, со изграден мост до него, беше претворен во мала полуостровска хотелска населба, со коцкарници, слаткарници,и друга инфраструктура. Само селската црква на возвишението од хотелскиот град остана да зборува за едно минато време. На вечерните концерти на Св. Стефан најбројни беа гостите од Обединетото Кралство. Иако

нивното културно наследство е различно од културата во нашето поднебје, гостите со забележителен интерес ја следеа програмата, правејќи снимки од сценските настапи .Оваа триесетдневна турнеја остави пријатни чувства со трајна меморија за едно убаво минато во мојата младост.



Островот Св. Стефан

# САН МАРКО



Летото во 1965 година го поминав на Јадранското приморје. Таа година бев на црногорскиот брег, со студентскиот фолклорен ансамбл „Бранко Крсмановиќ“ од Белград. Според агендата на организаторот „Монтенегро турист“ за триесет дена, скоро секоја вечер ансамблот одржуваше концерти во градовите покрај морето, но и во внатрешноста на Црна Гора. Од бројните настапи, посебно доживување ми остави еднодневниот престој на еден мал црногорски остров. Од нашата база во Пржно покрај Св. Стефан, едно утро со автобус заминавме во правец кон Тиват. На самиот брег не чекаше бротче кое за дваесеттина минути низ бистрата мирна вода не однесе до островот Сан Марко. Не беше голем, а можеше и со голо око да се види од брегот на Тиват. Бевме запознати дека на островот летуваат француски, главно млади туристи. Сан Марко беше закупен на десет години од францускиот клуб Mediteranee за француски гости кои со чартер летови преку тиватскиот аеродром на смени доаѓаа да летуваат на островот. Тој беше убаво уреден, со цела инфраструктура која овозможување пријатен и удобен одмор. Се сеќавам и на познатата лесковачка скара која ја приготвуваа мајстори на тој балкански специјалитет. Многу ми беше интересен и начинот на кој луѓето кои се капеа на плажата ја плаќаа купената храна и пијалоци. На нивните раце и околу вратот имаа меѓусебно споени пластични тркалезни бисери со разни бои. Секоја од тие бои означуваше различен износ на пари. Целиот ден го поминавме на песочната плажа. За љубезните Французи, во приквечерината на денот им приредивме концерт кој се надевам дека остана и во нивните сеќавања. За жал, според Wikipedia, денес овој прекрасен остров е напуштен и запуштен.

# СО ПРЕДРАГ ГОЈКОВИЌ-ЦУНЕ ВО ЕГИПЕТ

За секого и за секој уметнички состав е посебна чест да биде гостин на Обединетите нации. За мене 1965 година остави трајни, незаборавни спомени во животот. Од многуте пријатни доживувања на таа турнеја по Египет, тешко е да се издвојат позначајните моменти. Целото лето траеја подготовките на Академскиот фолклорен ансамбл „Бранко Крсмановиќ“ од Белград, за есента да се остварат желбите и возбудувањата. Четвртиот ноемвриски ден таа година со бродот од ветровитата Ријека беше означен почетокот на турнејата по Египет, со четири вечерни концерти изведени на бродот кој пловеше кон песокливиот Синај за да ја однесе новата смена на југословенскиот војнички контингент. Тој беше еден од повеќето војнички контингенти на земјите од Обедениетите нации, на мировната мисија на линија раздвојување помеѓу Палестинците во Египет и Израел. Глетките на делтата на Нил и Суецкиот канал беа првото наше возбудување. Покрај за југословенскиот, се сеќавам и на концертите приредени за Канадскиот и за Шведскиот контингент. Посебен впечаток ми остави концертот во историската Газа, за Палестинците кои се уште се без своја држава. Ми навира возбуда кога ја гледам фотографијата со група Палестинци пред кино салата во која беше одржан фолклорниот концерт со ора и музика, со носии од сите тогашни YU републики.



Газа, пред концертната сала со група Палестинци

Драги ми се и спомените со тамошните студенти после одржаните концерти во Каиро, на сите четири универзитети, колку што тогаш ги имаше тој милионски град. Европскиот стил на градби во Александрија распослана на јужниот брег на Средоземното море, оставаат посебен спомен кај секој посетител. За нас Македонците од оркестарот,најголемото возбудување кое трае до де-нес, беше настапот на нашиот ансамбл на концертот на летната сцена во југословенската амбасада во Каиро. Специјалниот гостин на турнејата и на концертот, Предраг Гојковиќ- Цуне ја отпеа песната „Битола мој роден крај“. Цуне не пропушти да ни приреди уште едно пријатно доживување за паметење. Во Каравелата која од незаборавната дваесетдневна турнеа по Египет не враќаше од Каиро кон Белград, преку микрофонот не забавуваше со репертоарот на неговиот единствен и препознатлив глас.

# ДОЖИВУВАЊА ВО СТРАЖИЛОВО



Недалеку од Сремски Карловац покрај Дунав, на 320 м надморска височина се простира Фрушка Гора, на чиј врв се наоѓа излетничкото место Стражилово. По желба на големиот српски поет Бранко Радичевиќ, на самиот врв од живописната планина е неговиот гроб.

За тоа место ме врзуваат убави спомени. Во 1996 година беше одржана комеморација во чест на поетот. „Ђачки растанак“ е една од најубавите негови елегии. По тој повод , пред бројната публика на пространата зелена висорамнина покрај гробот, пригоден концерт оджа АКУД „Бранко Крсмановиќ“ од Белград. Во програмата зеде учество и Ратоми-Рале Дамјановиќ, тогашен белградски студент на филологија. Тој рецитираше стихови од Бранко Радичевиќ пред самиот гроб на поетот. Го придружував ненаметливо, тивко свирејки ларго со звуците на мојата виолина. Ова за двајцата беа незаборавни мигови. Се уште се сеќавам на тој настан,а се сеќава и тогашниот рецитатор на Стражилово. Ја примив и неговата писмена потврда: „СЕЧАМ СЕ ТОГА ВРЛО ДОБРО. СВЕ НАЈБОЉЕ, РАЛЕ Д.“.



Неговите зборови ми будат уште едно пријатно чувство. Денес како дипломиран филолог, Ратомор Дамјановиќ е познат и признат српски радионовинар, писател и рецитатор. За остварувања во новинарството е добитник на „Октомвриска награда„ на Белград во 1987 и на „Златен микрофон“ на радио Белград 2008 година. Мило ми е што е толку успешен во својот животен пат.

# СПЕКТАКЛОТ ВО БЕЛГИЈА

Возбудливо задоволство се доживеа кога Академскиот фолклорен ансамбл „Бранко Крсмановиќ" од Белград доби покана за учество на Фолклорниот фестивал во Белгија. Таа 1996 год во градовите на Северното Море , недалеку од Англискиот брег, Остенде и Миделкерке учествуваа и ансамбли од повеќе земји од Европа.

Во сеќавање ми остана впечатокот за еден тогашен чехословачки женски состав со гајди. Нивните гајди не беа како нашите македонски.



Ги набљудував облечени во нивната традиционална народна носија, на дневната ревијална прошетка низ улиците на Миделкерке. Во беспрекорен строј свиреа нивни мелодии. Нивните гајди се разликуваа по начинот на надувување. Тоа го правеа со притискање на една дрвена плочка со ремен прицврстена за подлактицата, движејки ја напред назад кон телото на гајдата, внесувајки му воздух преку мевот, сличен на армоника. Уште поинтересни беа гајдите на групата од Шкотска, особено што на телото од гајдите имаше три исправени убаво лакирани црни дрвени елементи. Мене не ми беше јасно каква функција за шкотските гајди имаат тие елементи налик на три убаво накитени цевки, но сметам дека тие му даваат карактеристична боја на тоновите кои излегуваат преку нив. Мој впечаток е дека самата шкотска гајда се вклопува во нивните традиционални машки носии. Не можам да си објаснам зошто ние толку брзо се спријателивме со тој состав кој е со многу поинаков менталитет од нашиот. Можеби превагна нашата балканска дружељубивост. Дури успеавме да се сликаме со нивните носии и со нивните гајди, оставајки ги нив само со своите чевли и кратка покривка на телото.





Го искористив моментот да се сликам со шкотска носија и гајда

Во знак на пријателство, на заедничката вечера по настапите ја разменивме нашата сливова ракија со нивниот традиционален виски. Секој на свој начин го густираше разменетиот пијалак. Се сеќавам дека Шкотланѓаните утрото прилично рано станаа и како ништо да не било, ги будеа своите мамурливи пријатели од Југославија, а овие не можеа да се совземат од длабокиот сон во кој потонаа таа вечер.

# ПЕТРАНКА, УСНИЈА И ЏОРЛЕВ

Кој може да поверува дека еден од многуте денови во 1968 година може да ти стане значаен триесет години подоцна. Навидум обично попладне, претпоставувам есенски ден по впечатливите кафеави високи чевли со врвци на носете на Наско Џорлев. Тој со својот струмички музички состав требаше во Белград да сними сингл плоча, но во оркестарот немаше виолинист. Другарите со кои свирев во Академскиот фолклорен ансамбл „Бранко Крсмановиќ" студираа на Музичката академија во Белград, а повеќето од оркестарот бевме Македонци. Ме предложија кај Наско, а во закажаното време ја одржавме пробата. Покрај членовите на оркестарот, во студиото беа и две млади девојки кои ми оставија посебен впечаток. Едната ги отпеја снимените песни, а другата во аголот на просторијата му правеше друштво на флаутистот, студентот од музичката академија „Чичо Миле" како што го викавме. Се сеќавам дека и песните кои ги отпеа пејачката од Македонија беа убави и впечатливи. Таков беше и нејзиниот глас. По издавањето на плочата ги запаметив насловите на некои од песните за кои не сонував дека до денес ке бидат незаборавни хитови. „Не кажувај либе добра ноќ", „Во Струмица на улица"... Ни една од девојките кој ги видов тој ден не беа тогаш познати, штотуку се здобиле со полнолетство. Од „Чичо Миле" го слушнав името на неговата девојка која таа есен се запиша на еден од факултетите во Белград. Името на пејачката ниту се заинтересирав да го запомнам. Песните се пееја, станаа популарни, а мене ми беше мило што бев учесник на првата моја снимена плоча. Минуваа годините, само по несекојдневното презиме на Наско се заинтересирав и дојдов до сознание дека во 1968 година, тогаш тој армоникаш имал мал син кој веќе прерасна во врвен виолинист. Така, во паузата на една свадба во хотелот „Континентал" во Скопје, седнав на масата со Зоран Џорлев и му ја кажав приказната за неговиот татко Наско и за снимените песни. Тогаш се случи за мене најголемото изненадување. Зоран ме праша дали знам која е пејачката која во 1968 година ги отпеа снимените песни. Не можев да поверувам дека сум свирел со Петранка Костадинова која веќе беше во зенитот на својата слава. А за Уснија, на еден нејзин настап на забава во Битола, за време на паузата ја потсетив за снимањето во Београд. Тоа беше неколку години по мојата средба со Зоран. Но многу години пред тоа Уснија Реџепова веќе беше позната музичка ѕвезда ширум Југославија. За жал, денес кога го пишувам ова сеќавање, сите лица кои се наведени во оваа сторија не се повеќе помеѓу нас.



# СОЦИЈАЛИСТИЧКА СЛАВА

Православните Срби во Србија имаат слави во чест на некој светец. Секое село си има своја заедничка слава. На тој ден роднините и пријателите од другите места им доаѓаат на гости. Вообичаено српските слави се со богата трпеза, со претходно подготвени јадења. Во времето на социјализмот во српските села се одржуваа слави, а тогаш славите на селото се нарекува „социјалистички слави". Така наречената слава се одржуваше и во банатско Велико село, на самата југословенско-романската граница. Не беше далеку од Српска Црња, родното место на големиот српски поет Ѓура Јакшиќ. Еден убав есенски ден во 1966 година на покана на славеничкото село, со своја уметничка програма беше гостин Академското фолклорно друштво „Бранко Крсмановиќ" од Белград. Во тие години на повоената изградба на државата, немаше доволно пристапни патишта. Така, превозот до Српска Црња беше со автобус. Потоа започна најинтересниот дел од патувањето. Сите учесници во програмата заедно со потребната гардероба и музичките инстументи, се качивме на тракторски приколки со клупи и го продолживме патувањето низ прашливиот пат до селото. Таа област од Србија е позната по лозовите насади.



Тоа патувањето го правеше уште поинтересно. Тракторот застануваше, ќе скиневеме по некој грозд и се' така додека бевме пречекани од љубезните домаќини од селото. Пред нашиот настап имаше фудбалски натпревар помеѓу двете соседни села. Ние својата програма ја изведовме на зеланата трева од игралиштето. Тоа беше време на посиромашна, ама весела младост која се уште е во моето сеќавање.

# КУМРОВЕЦ, СТАДИОН ЈНА, СИВ

Животниот пат ме водеше кон бројни средби со другарот Тито. Највпечатливи ми беа поводите во негова чест, или во чест на неговите високи гости-државници од други земји.

-Беше прославата на неговиот роденден во 1967 година. Тој 25. Мај се славеше во родниот Кумровец на Тито. Имаше многу народ од цела поранешна Југославија. Се одржуваа спортски средби во разни дисциплини. Се сеќавам на ракометниот натпревар на кој еден од голманите беше Абас Арсланагиќ, икона на славната југословенска ракометна репрезентација. Во уметничкиот дел учествуваа групи и актери од сите републики. Со своја пригодна програма се претстави и фолклорниот ансамбал на АКУД „Бранко Крсмановиќ" од Белград. Секој од присутните на прославата сакаше да го овековечи своето сеќавање на овој настан. Луѓето не ја пропуштаа приликата да се сликат пред родната куќа на Тито. Таа можност ја овековечив и јас;



-Во тогашна Југославија 25. Мај се прославуваше како Ден на младоста. Традиционално на стадионот на ЈНА во Белград се одржуваше слет на младината од целата земја со културно- уметнички програми специјално подготвени. Помеѓу 1964 до 1968 година неколку пати бев учесник со фолклорниот ансамбал на белградските студенти. Завршен чин на таа прослава беше предавањето на штафетата на Тито, како свечена порака и завет на младите од целата земја.



-Со академскиот фолклорен ансамбл повеќе пати имав прилика да настапам во Сојузот извршен совет, кога кај Тито беа гости високи државници. Се сеќавам на гостувањето на Насер од пријателскиот Египет во 1968 година.



Некогаш одамна „Крсмановиќ", фолклор за важни гости

По кратката уметничка програма, на приемот беше приреден свечен коктел за високиот гостин со придружбата. Тогаш за првпат на дебелиот тепих во просторот на популарниот Сојузен извршен совет, како студент го почувствував вкусот на овошна торта, кој се уште го паметам.

# ПАРАЧИН, НИШ, СКОПЈЕ

За овие три градови ми навираат посебни спомени од мојот детски живот до сегашната возраст. И сето тоа поврзано со животот испреплетен со музика. Затоа ми се драги и концертите по кој повод како студент во времето помеѓу 1965 и 1967 година во тие три градови. За секој од нив има по една приказна од мојот живот. Сведок беше мојот животен сопатник-виолината, како и АКУД „Бранко Крсмановиќ" од Белград со кого настапував.



-Позната е „Штофарата" во Парачин. Концертот во неа не ќе ми беше толку значаен, ако таа фабрика не го носеше името на народниот херој и шпански борец Бранко Крсмановиќ. Моето сеќавање е уште повпечатливо што на тој концерт беше и мајката на народниот херој, Вела Крсмановиќ.

-Ниш е за мене посебно драг град. Во него поминав дел од моето најрано детство и првите денови во школските клупи. Со концерт во тамошниот Народен театар се вратив во овој град.



-Универзалната сала е симбол на солидарноста на целиот свет кон Скопје, но и спомен на многу уметници кои настапиле во неа. Имав чест да бидам еден од нив. Посебно ми се во сеќавање спомените откако заврши концертот со белградските академици. По долги години се видов со моите пријатели со кои споделивме спомени за заеднички поминати денови во нашето детство.

# СРЕДБА СО МАРШАЛОТ

Другарот Тито во своите агенди често пати имаше посети на поедини региони во Југославија. Во 1967 година се случи обиколката на неколку места и градови во Поморавјето, срцето на Србија. Беше определено Тито да престојува во Врњачка Бања, Трстеник и Краљево. Јас имав чест да бидам член на оркестарот кој беше задолжен за забавниот дел на таа негова турнеја. Во составот покрај другите беше и мојот постар колега Тоша Елезовиќ кој важеше како Титов армоникаш. Тоша беше забавувач и „стар лисец“. За секој од најблиските соработници на Тито знаеше која им е сакана песна. Се сеќавам само дека песна на Александар Ранковиќ беше „Чобан тера овчице“. Приквечерта оркестарот веќе беше во Врњачка Бања, сместен во хотел и подготвен. Сите официјални гости веќе имаа поседнато по масите, според протоколот. Програмата започна. Се очекуваше доаѓањето на Тито. Местото на оркестарот беше на спротивната страна од влезот на долгата сала. Нашата местоположба пружаше поглед кон влезната врата. Во еден момент се појави Маршалот во свечена цивилна облека, придружуван од протоколот. Возбудата беше многу голема. За момент застанав со свирењето на виолината. Ова не можам да го објаснам поинаку, ниту да го заборавам, иако и други пати сум го видел и сум свирел за него. Само се сеќавам дека таа вчер се служеше традиционалното српско вино „ружица“.

Наредниот ден, по службениот дел од посетата на Тито на Трстеник и на Краљево, свечениот ручек за омилениот гостин беше закажан во ресторанот на хотелот во центарот на градот, кој се уште постои во Краљево. Нашиот оркестар повторно свиреше, а после тоа, кога гостите се заминаа, ние со обезбедувањето седнавме за ручек на свечено наместените маси. Ете, случајот сакаше јас да седнам на повисоката од другите столици, на која за време на свечениот ручек пред мене седеше Тито. За некого можеби тоа не е толку значајно, но јас сум еден од многуте Југословени кои толку го сакаа Маршалот, што од срце плачеа а и се уште за него жалат.



# СОФИЈА-ФЕСТИВАЛ НА МЛАДИНАТА И СТУДЕНТИТЕ ОД СВЕТОТ

Во 1968 година АКУД „Бранко Крсмановиќ" од Белград-овој фолклорен ансамбл на белградските студенти доби покана во Софија да учествува на пролетниот Фестивал на младината и студентите од целиот свет. Честа за изборот беше голема, а обврската за презентација на фолклорот од сите републики на поранешната YU држава беше предизвик за ансамблот. Веднаш се осмисли програмата и започнаа интензивни проби и подготовки за тој несекојдневен фестивал на векот. На големата обрска и на задолжението да се прикаже нашиот фолклор требаше соодветно да се презентира и достојно и репрезантивно на рамниште на реномето, нашиот фолклор да се презентира пред младината и студентите од целиот свет. Дојде денот кога нашиот состав од фолклористи и музичари пристигна во Софија. Глетката беше величенствена. Беше изградена цела населба од згради за потребите на Фестивалот, кои потоа беа дадени за живеење на жителите од градот. Првите привремени станари од подалечните земји беа веќе сместени по новоизградените станови, опремени со се' што е потребно за десетдневен престој на младинците и студентите од целиот свет. Љубопитните гости на Софија веќе ги запоседнаа балконите од зградите, од кои имаше величенствена панорама на целиот град. На балконите имаше младина со разни бои на кожата. Убавите црнечки девојки со турбани на своите глави измамуваа најповеќе погледи .



Не изостанаа и фотогафиите со кои се овековечуваа сомените на овој несекојдневен настан на младите од светот



Според сценариото на организаторот, учесниците на Фестивалот своите концери ги изведуваа на отворено. Низ зеленилото во прекрасните софијски паркови беа поставени многу бини. Гледачите одблизу ја следеа програмата. Една од зелените површини на која настапи нашиот фолклорен ансамбл го носеше името „Парк на слободата“. Два моменти ги овековечи мојата меморија за овој фестивал.





Едниот момент е пријателството и познаството склучени помеѓу младите од разни континенти на земјината топка.

Сите фотографии на кои сум погоре, за мене се душевно богатство поради склучените познанства.

Во сеќавање ми остана уште еден фрагмент од нашето слободно време на Фестивалот. Мојот драг пријател и колега од оркестарот, армоникашот Владета Кандиќ, денес познат како Бата Канда, во мое друштво во една книжарница во Софија ја пронајде својата најнова снимена плоча пред нашето доаѓање на Фестивалот. Тој момент двајцата не развесели, а Бата Канда го направи многу среќен.



После 50 години во станот на
Бата Канда во Београд

# СО БЕЛГРАДСКИТЕ ФОЛКЛОРИСТИ НИЗ ЈАДРАНОТ

Во есента 1968 година, студентскиот фолклорен ансамбл „Бранко Крсмановиќ“ од Белград оствари успешна турнеја во градовите низ Истра се′ до средниот Јадран. Имам убави спомени како член на оркестарот од таа јадранска турнеја. Оркестарскиот состав традиционално беше од Македонци кои студираа на Музичката академија во Белград. Јас бев исклучок, а во тој состав бевме двајца битолчани. Покрај мене беше и нашиот академски музичар, флаутистот Кирил Петков. На програмата на ансамблот на оваа јадранска турнеа беа фолклорни и музички точки со мотиви од сите републики на тогашна Југославија. Посетители на концертите главно беа странски туристи кои летуваа на јадранскиот брег.

Секој од градовите каде што гостувавме има свој белег. Секој на свој начин е нанижан бисер од герданот на приморските градови. Арената во Пула е симболот на тој град.



Во Пула традиционално се одржува во светот познатиот„ Пулски филмски фестифал“. Фестивалот се одржува во Арената во која и нашиот фолклорен ансамбл го одржа својот целовечерен концерт.



Со Мирко Рондовиќ пред почетокот на концертот во Ровињ

Ровињ е едно од најатрактивните туристички места на на Јадранот. Тоа е и градот кој во Југославија беше познат по фабриката за тутунски производи. На далеку беа познати цигарите Ponhill кои денес се продаваат под името Dunhill.

Спомен на другарството кое трае и денес. Височината го карактеризира овој денес легендарен црногорски пејач, композитор и текстописец кој целиот живот го помина во Белград. Мирко Рондовиќ е автор и пејач на антологиската песна „Сви пљеваљски тамбураши“ . Многу негови песни се наоѓаат во фонотеката на Радио Београд. Мирко е заљубен во македонскиот мелос. Има снимено и македонски песни кои се вртат и на YouTube. Една од нив е песната „Девојче тенко, високо“.

После Пула, Пореч е најголемиот туристички град на големиот јадрански полуостров Истра. Ансамблот на студентите од Белград, го одржа следниот свој фолклорен концерт во овај приморски град.





Со другарите од ансамблот во Пореч

Шибеник лежи на Средниот јадрански брег. Неговата убавина привлекува голем број странските туристи. Тие беа дел од публиката на последниот концерт во рамките на оваа јадранска турнеја.



Македонскиот дел од оркестарот пред концертот во Шибеник



После пеесет години, на другарска средба со Мирко Рондовиќ евоциравме заеднички спомени за музиката на нашата младост

# СО ВИОЛИНА ВО СИВО-МАСЛИНЕСТО

Есента е значајна во животот на повеќето луѓе. На децата им започнува школската година, лозарите и овоштарите ги берат плодовите, се случуваат семејни веселби и што уште не. Но во мојата младост во есен се одеше и во војска. За мене тоа се случи во 1969 година. Не требаше многу да се подготвувам, но патувањето не беше кратко. Ме очекуваше Задар на Јадранското море, а сиво-маслинестата војничка облека и касарната беа почеток на мојот воен рок.



Војската е обврска, ама во слободното време има и културно- забавен живот. Старешината ги преброи тие што знаеа да свират на некаков инструмент. За да ја донесам својата виолина од Битола во секој од двата правци требаше да променам по два воза. За мене беше поважно да добијам една недела отсуство. Многу бргу се вклопив во војничкиот оркестар. Направивме убава програма. Настапувавме на војничките приредби. Мојот воен рок стана разноличен и поинтересен. И не само во касарната. На две поголеми воени вежби во Лика, виолината беше мојот придружник. Со неа го поминав првиот, потежок дел од военото школување во Задар. Потоа како резервен воен старешина имав друга обврска, да бидам предавач на помладите војници кои и после мене останаа да го до дослужуваат својот воен рок.

# БИТОЛСКИОТ ТЕАТАР ВО ВАРАЖДИН

На покана на друштвото „Винко Јурец" од Вараждин, Фолклорниот ансамбл на студентите од Битола „ Даме Груев" во 1979 година замина да концертира во тој град. Сум слушал за Вараждин, но никогаш дотогаш не сум имал можност да бидам во него. Текстилниот бренд „Вартекс" имаше своја продавница и во Битола. Знаев дека во Вараждин беа најуредените гробишта во поранешна Југославија. Но за мене се случи нешто уште позначајно, едно несекојдневно чувство. Патувавме со автобус. Пред да стигнеме до градот на „Вартекс", најнапред патот не водеше до младинската населба на работните бригади кои работеа на акцијата „Катланово", каде за бригадирите дадовме целовечерен концерт. Потоа раководството на нашето друштво претходно имаше закажано концерт во главниот град на Хрватска. Имав слушано за многу познати фирми од тој град. Не можев да замислам дека во фабриката која е можеби синоним за Загреб ќе имам можност да свирам. Во фабричката хала на Индустријата „Карбон", Студентското друштво за работниците од тој колектив изведе скратен концерт.

Наредната вечер се случи тоа што ми даде повод да го напишам овој напис. Вообичаено зад завесата на концертната сала, фолклорниот ансамбл се постави за почеток на концертот. Црвената кадифена завеса започна пополека да ја отвора сцената. Нема никогаш да ја заборавам глетката која пред мене се појави на другата страна од завесата.Тогаш пред мене ја видов сликата од гледалиштето на Стариот театар во Битола.



Си помислив, дали е тоа можно. По концертот размислував. Мојот заклучок беше дека истиот архитект ја има проекирано внатрешноста на двата театри. Исти беа двете полукружни театарски гледалишта, карактеристични со своите повеќеспратни ложи, со оградите обвиткани со темно црвено кадифе. За жал, стариот театар во Битола повеќе не постои.

# СО БИТОЛСКИТЕ АКАДЕМЦИ ВО СЛОВЕНИЈА

На покана од Академскиот певски збор „Тоне Томшиќ“ од Љубљана, во 1979 беше организирано гостување на АКУД „Даме Груев“ од Битола во неколку градови во Словенија. Најсрдечно бевме пречекани од студентскиот певски збор. Гостите од Битола за студентите од Љубљана приредија концерт за паметење. Изненадување на вечерта беше конферансата водена на убав словенечки јазик. Заслуга за тој впечаток имаше гостинот на ансамблот, а на тамошните студенти нивниот постар колега, битолчанецот Веселин – Вецко Христовски.



Неколку години пред овој концерт, Вецко го заврши текстилниот факултет во Љубљана. Одлично го владееше словенечкиот јазик и му беше задоволство да ја води конферансата на тој јазик.Турнејата продолжи со концерт во Порторож, градот на вечното зеленило. Тоа зеленило и ретко убавата сала ми останаа во трајно сеќавање.

Битолските студенти на оваа своја турнеа низ Словенија, одржаа концерт и за работниците во производствениот погон на познатата фабрика за производство на моторни возила „Томос“ во Копар.



Тогаш особено беа популарни, низ цела Југославија се возеа, мотоциклите на таа фабрика.

Последниот концерт беше одржан во Изола, градот на словеначкиот брег на Пиранскиот Залив на Јадранското Море.



Изола остана во спомените

# КАСКАДИТЕ НА РЕКАТА ВЛТАВА КАЈ ПРАГА

Со фолклорниот ансамбл на Академското друштво „Даме Груев“ од Би-тола, во 1979 година по покана од Градежното претпријатие „ Трудбеник“ од Охрид ја посетивме Прага, каде оваа фирма изведуваше градежни работи. За работниците дадовме неколку концерти на градилиштата низ градот. По официјалниот дел од гостувањето во Чехословачка, имавме неколку впечатливи моменти за паметење. Помеѓу прекрасните, надалеку познати фасади на градбите на Прага, покрај реката Влтава, на една височинка над градот се извишува прекрасен замок, резиденцијата на тогашниот претседател на Чехословачка.







Недалеку од замокот, на реката Влтава лежи Карловиот мост, долг 621 метри украсен со 30 статуи

Најголемото изненадување беше пловењето со брод по Влтава. Во сенката на убавиот рибен ручек на бродот, беше совладувањето на природните препреки каде што нормалното пловење е невозможно.



На неколку места во реката беа изградени комори. Додека бродот беше во мирување во едната комора, преку преградата се полнеше другата комора, сѐ додека не се изедначеше нивото на водата. Со отстранување на преградата, бродот го продолжуваше пловењето до следната препрека и така до крајната дестинација. Тој вештачки градежен феномен ја направи реката Влтава пловна. А за нас тоа беше уште еден спомен во животот, вреден да биде забележен.

Уште нешто посебно ми остана во сеќавање. На тоа патување не придружуваше новинарот Петар Ставрев од Битола, како известувач на турнеата. Од Чехословачка купи убав професионален фото апарат, за неговата новинарска дејност.

# НАЈГОЛЕМАТА РАБОТНА АКЦИЈА ВО БИТОЛА

По војната, во Југославија беше неопходна изградбата на нејзината инфраструктура. Така се роди идејата за младинските работни акции.Тие беа еден од симболите на сплотеноста, братството и единството на сите југословенски народи и народности. Поголеми познати дела на таа сплотеност беа пругата Шамац- Сараево, автопатот Братство-единство и многу други. Во Битола повеќе години се заговараше една младинска работна акција на југословенско ниво. Градските татковци на тоа ги натера недостигот на вода во градот. Според проектот започна да се гради капиталниот систем „Стрежево".



Неговата изградба денес обезбедува трајно водоснабдување на Битола, целосно наводнување на Пелагонија и индустриска разладна вода за РЕК „Битола". Во изградбата на системот „Стрежево" најголема заслуга има младината на цела поранешна Југославија.

Привремената населба на неколку илјадните младинци – акцијаши беше над битолското под пелистерско село Нижеполе. Нивната забава во вечерните часови беше одмор од тешката работа на жешкото летно сонце. Во кругот на населбата се уште постои посебно уредената локација наменета за забава, со изградена бина за таа намена. За младината беа изведувани забавни програми.



Бригадирите од работа се враќаат во населбата



Спомените од 1982 година ме вратија четриесет години назад во животот. На сцената пред акцијашите, целовечерен концерт приредија членовите на Академското културно уметничко друштво „Даме Груев“ од Битола. Тоа беше израз на благодарност кон младите акцијаши за нивниот скапоцен дар за Битола

# СТАРОГРАДСКИОТ АНСАМБЛ „БИТОЛА“

Овој прекрасен ансамбл опстојуваше од средината на осумдесеттите години до 1994 година, вкупно околу десет години. Тоа беше состав од познати и признати музичари и пејачи. Некои од нив беа професионалци во својата дејност, но ансамблот работеше на аматерска основа, со љубов кон музиката и за својот град. Делуваше во состав на активноста на Домот на културата во Битола. Музичарите беа ноталисти. Своите нумери ги свиреа аранжмански, секој инструмент со своја партија. Сите заедно оставаа впечаток на право музицирање, со совршена компактност во изведбата. Покрај мене, Слободан Димитров- виолина, сакам да ги спомнам и Стојан Трајковски – кларинет со завршена музичка академија, Иван Пејчев –хармоника, музички педагог, Јонче Новевски – виола, воен музичар, Бошко – флаута, претходно свиреше во оркестарот на Радио Битола, Михајло-Мишко Бандевски – гитара, машински инженер, Драгољуб Георгиевски (Кецо)–прим, инжинер агроном и Борче Шарко – контрабас, порано свиреше во оркестарот на Радио Битола.

Во пејачкиот состав имаше членови со повеќе годишно искуство. Некои беа концертни солисти, дуети и радио пејачи. Ја издвојувам Ратка Манели која го носеше богатото искуство од Радио Београд, Ѓорги Белџигеровски како композитор, текстописец и доајен на Радио Битола, дуетот Лидија и Борче Дуковски и други искусни ликови во групното пеење.



Со своето постоење овај ансамбл беше вистинско староградско освежување кое во тоа време како и „Серенада на Широк Сокак“ беше потребно на Битола. На својот репертоар Ансамблот негуваше одбрани староградски нумери, посебно карактеристични за битолското поднебје. Во многу од песните се споменуваше името на Битола, која е надалеку позната по својата староградска традиција. На програмата беа посебно испејани песни од машкиот состав, од женската група или дијалози на двата состави. Не беа тоа класични хорски изведби. Ансамблот беше препознатлив по начинот на своето музицирање. При составот на редоследот на програмата посебно се водеше сметка на разновидноста според ритамот и темпото на песните. Настапите на овај староградски состав беа вистинско уживање. Ансамблот беше повеќегодишен учесник на Интернационалниот фестивал „ Староградски средби“ во Охрид.

Песната на овој состав се слушаше и стигна до крајниот север на Европа. Со повеќето свои настапи во Хамбург и во Вилхемсхафен, ансамблот „ Битола“ се одомаќини во Германија. И градовите Фулда и Бад Кисинген имаа можност да бидат домаќини на овај староградски состав. Особено се сеќавам на настапите во 1988 годинај на турнејата низ Германија, со нашите гости Сефедин Бајрамов и Александар Црвенков – Црвенко.



Подготовки за Средбите

Овај состав настапуваше на многу свечени настани во својот град. Во сеќавање ми е и целовечерниот концерт во Кичево. Неизбришлив траг за постоењето на ансамблот „Битола“, е снимената лонгплејка со одбрани староградски песни под наслов „Битола мој роден крај“.



Концертот на Староградските средби, Охрид 1985



# НА ЦРНОТО МОРЕ ВО СОЧИ

За Русија е Сочи она што беше Опатија за Југославија. Монденско место на брегот на Црното Море, со над 400.000 жители.



Во 2014 година таму се одржаа XXII Зимски олимписки игри. Во град на море а игри на снег. Но ,за мене Сочи е значаен и по спомените во музиката во 1989 година. Тогаш беше експанзија на изградба на хотели за по неколку илјади гости. Во изградба учествуваше и градежното претпријатие „Гранит“ од Македонија, со голем број свои работници. Универзитетскиот фолклорен ансамбал „Даме Груев“ од Битола беше поканет од нашата градежна фирма да гостува во Сочи. За мене беа интересни неколку моменти од тоа патување. Релацијата беше невообичаена, но интересна.Во двата правци према Сочи и назад се патуваше со авион. Пред пристигнувањето до крајната дестинација, поради промена на авионот, секогаш првото слетување беше во Киев, денешна Украина. Тоа беше можност за неколку часа да се разгледа тој град.

Престојот во Сочи беше неколкудневен, со концерти на отворено околу новоградбите, за бројните работници на нашиот домаќин. Слободното претпладне го поминувавме во капење на убавата песочна плажа, разгледување на градот и на невообичаено големите новоизградени хотелски населби. Сочи останува во пријатно сеќавање и по многуте јувелирски продавници низ целиот град. Оваа туристичка мека на Русија е препознатлива по своите многубројни посебности.

# МОЈОТ ТВОРЕЧКИ ОПУС




По 16 години мое активно дружење со народната музика, почнав да компонирам. Компонирањето не е само желба, инспирацијата е таа која води кон успешна творба.

Првото мое компонирано оро ја виде светлината на денот во 1975 година. Не ја криев својата радост кога во директниот пренос на малиот екран ја слушнав објавата на водителката дека првата награда на „Београдскиот собор" му беше доделена на "Битолчанка оро", компонирано од мене.

Честа ми беше уште поголема што тоа беше одлука на стручното жири.


Савет
XIII београдског сабора
и
београдска естрада
додељују
ПЛАКЕТУ
Слободану Димитрову
аутору кола „Битолчанка оро"
као награду стручног жирија за игру-коло
на XIII београдском сабору извођача
народних песама и игара Југославије
о чему издаје ову
ДИПЛОМУ

за Савет сабора

за београдску естраду

у Београду,
27.IX 1975.

И на следните два собори во завршните вечери беа изведени мои авторски ора.



# Царинското оро ќе биде снимено на плоча

Белградскиот собор од година до година претставува голема позорница за белграѓани и за пошироката јавност на кого се претставуваат сите оние на кои народното уметничко творештво им е трајна инспирација за културни аранжмани и изведувачка активност. Секоја година, по правило, од сите краеви на нашата земја се пријавуваат сè помногубројни изведувачи на народниот фолклор и народни мелодии, малку познати изворни групи од селата, аматери и професионалци, угледни композитори со желба да ја потсетат широката јавност на најубавите страници и дела на нашата народна уметност, да ги претстават новите авторски дела кои своите творечки импулси ги наоѓаат во богатата ризница на нашите народи и народности.

Слободан Димитров не е непознат на Белградскиот собор. За првпат тој зеде учество во 1975 година кога учествуваше со орото „Битолчанка“ постигнувајќи притоа голем успех — орото беше наградено од стручното жири. По овој успех Слободан покрај редовната работа во Царинарницата во Битола каде што работи како правник продолжи и понатаму со компонирањето. Во 1976 година беше поканет повторно да учествува на конкурсот со лична необјавена композиција во духот на народниот мелос. И пак во конкуренција на околу 300 мелодии неговото оро „Пелистерски бисер“ беше земено во потесен избор и беше емитувано на ТВ.

*Слободан Димитровски*

Може да се рече дека овој новопечен битолски композитор се има преплатено не само да учествува на Белградскиот собор туку и да добива признанија. Тоа тој го потврди и минатата година на традиционалниот и јубиларен XV Белградски собор земајќи учество со „Царинското оро“. И ова оро во аранжман на познатиот кларинист Божидар Милошевиќ — Боки беше емитувано на завршната вечер, а изведувач беше Божидар Милошевиќ.

Овој неодамнешен успех на Димитров е уште една потврда дека тој израснува во композитор со големи способности. Дознавме, исто така, дека „Царинското оро“ ќе биде снимено и на плоча во продукција на РТБ.

Слободан Димитров, покрај Правниот факултет има завршено и Нижа музичка школа и кој долги години свиреше во оркестарот на КУД „Илинден“ од Битола, а потоа свиреше прва виолина и раководеше со народниот оркестар на КУД „Бранко Крсмановиќ“ од Белград и понатаму, како што ни рече ќе продолжи со компонирањето на народни ора од нашето поднебје, зашто, вели, сè уште не ѝ рекол збогум на музиката иако има многу малку слободно време.

С. Дамјановски



ПЕСНА ЗА СТИВ

СТЕМНИ СЕ СОНЦЕ КРВАВО,
НЕ ГЛЕДАЈ БОЛКИ НАРОДНИ.
СТЕВАН НАУМОВ ПАДНА,ЗАГИНА, (2 пати)
ПАДНА,ЗАГИНА ЗА МАКЕДОНИЈА!

НА СИТЕ СТРАНИ ФАШИСТИ,
САРДИСАН ЈУНАК ~~НАРОДЕН~~.ПАРТИЗАН
СТЕВАН НАУМОВ ПАДНА,ЗАГИНА, (2 пати)
ПАДНА,ЗАГИНА ЗА МАКЕДОНИЈА!

ИЗВИКА ЈУНАК,ПОРАЧА:
ДРУГАРИ,ВЕРНИ ДРУГАРИ,
МЕНЕ НЕМОЈТЕ ДА МЕ ЖАЛИТЕ, (2 пати)
ПАДНАВ,ЗАГИНАВ ЗА СЛОБОДА!

текст:Панде Манојлов
музика:Слободан Димитров

Признание за мојот творечки труд се трите ора кои се наоѓаат во фонотеката на Радио Београд со наслови „Битолчанка оро“, „Царинско оро“ и „Пелистерски бисер“, во изведба на големиот народен орлестар на Радио телевизија Београд.

Во 1986 година на текст на Панде Манојлов-писател и поет, ја компонирав музиката за неговата песна за Стив Наумов.

Оваа нумера беше на програмата на Ансамблот за староградски песни „Битола“ и се изведуваше на свечени пригоди. Уште десетина мелодии беа плод на моето скромно творештво помеѓу кои и вечната инспирација за љубовта на Елени од Битола.




Мој запис со сопствен ракопис од прва рака

Невообичаено е на ноти да се напише текст, но тоа го стори мојот пријател и нашиот Битолчанец, на јавноста познатиот музичар и текстописец Ѓоко Георгиев.



Сликава која е овде прикажана ми е посебно драга. Моите ноти и текстот под нив се напишани со ракописот на мојот татко, воениот музичар Димитар-Димче музикантот. Оригиналот на ова парче хартија е моја реликвија. Во последните години имам создадено неколку необјавени музички дела со народен мелос. Една од нумерите е со сопствен авторски текст и музика, несекојдневен аранжман и со автентичен спот. Го очекува нејзиното промовирање. Интересна е и мојата музика на текст на Валентин Соклевски со мотив за Битола, но со аранжман на еден музички тренд на групно пеење без музичка придружба. Ова идејно решение ја очекува неговата реализација.

# СЛУЧКИ И НАСТАНИ –МИЗАНСЕ

Во моето долгогодишно настапување со фолклорните друштва на концерти, турнеи и на нашите средби, имаше збиднувања, згоди и непредвидени моменти. Од многуте сеќавања ќе издвојам неколку.

На првата уметничка мисија од Битола во збратимениот Епинал, во 1968 година патот не доведе во Париз.Со нас како известувач беше и новинарот Димитар Димитровски-Такец. На „Пигал" шеташе со мене и со Боцкинот. Ни предложи да влеземе во една кафеана.Такец по природа беше љубопитен бекрија .На келнерот му побара комова ракија. Беше со зачуден поглед кога го послужија со чашка наш национален пијалок. Нас ни рече, ви давам да шмркните по една голтка, да памтите дека во Париз сте се напиле комова ракија .Откако плати попарен ни рече дека со овие пари кај нас ќе купел три кила ракија. Ми го потврди тоа во мојата адвокатска канцеларија, за чашката во Париз овде ќе купев три кила комова.

***************

На свечената вечера по концертот на преполниот стадион во Епинал, го замолија Боцкинот да оди по виолината, да засвири некоја шансона. Автобусот беше паркиран малку подалеку. Додека се врати со виолината, пред неговиот стол остана уште негибнатиот француски мелспајз кој се служи како десерт после вечера. Боцкинот гладен залапа и наеднаш со скаменето лице прозбори, „абе овие мене ми дојсоа сирење со црвја". Сите ние за прв пат го пробавме тој француски десерт. По тоа беше весело, зачинето со виолината на Боцкинот.

***************

Покрај основната намена, може да се каже дека Офицерскиот дом беше и храм на културата во Битола. Особено салата беше позната како „свечена сала". Нејзина гордост беа величенствениот кристален лустер и паркетот со ромбоидни кругови составен од разнобојни триаголници. Во таа сала се одржани бројни концерти, балови и свечености. Снимени се филмови и музички емисии. Една таква емисија имаше чест да сними и КУД „Илинден" од Битола. Пред нас-тапот на оркестарот беше вообичаено да се наштимаат инструментите. При тоа, во еден агол од салата Боцкинот забележа оган. Притрча тој, притрчавме и останатите членови на оркестарот. Имаше што да се види. Мојот драг колега Усамедин беше наведнат над еден истуткан лист од новина. Видно возбуден Боцкинот го прекори за запалениот оган, налутено го праша, кај најде да пали оган над овај украсен паркет. Усамедин чукајќи на ситно со прстите по кожата од инструментот ладнокрвно му одговори, ја штимам тарабуката.

***************

За време на моето активно членување, фолклорниот ансамбл на КУД „Илинден" одржуваше целовечерен концерт во Домот на културата во село Буково. Се играше завршната сцена од орото „Шопска петорка", кое завршува напред на сцената, со вкрстени раце фатени еден со друго врз појасот, со истовремен

заеднички удар на петмината играорци врз штиците од подот. Изведувајќи ја таа фигура, најстариот од тројцата играорци, толку силно удри со ногата, што пропадна капакот кој го покрива четвртастиот отвор на подот. Неговите нозе почнаа да се спуштаат под сцената. Го извлекоа нагоре двајцата играорци од страните кои цврсто го држеа за неговиот појас.

****************

Еден обичен музички настап, остави траен впечаток во мојот живот. Во 1961 година се случи средба на ист концерт со тогаш десет годишната Сашка Петковска. Таа вечер ни донесе долгогодишно пријателство, кое за жал на сите нас траеше до нејзината триесет и две годишна возраст , кога на трагичен начин згасна нејзиниот живот.

****************

Во мојата музичка кариера ми се случија два несекојдневни настани на кои убаво се сеќавам и како битолчанец сум среќен поради тие музички настапи. Две југословенски амбасади беа домаќини на составите со кои имав свирено. Се сеќавам дека во 1965 година со белградските фолклористи на АКУД „ Бранко Крсмановиќ" бевме гости на мировните контингенти на Обединетите нации во Синај. Во таа агенда беше одржан концерт и во летната бавча на Југословенската амбасада во Каиро. На тоа претставување со ансамблот беше и Предраг Гојковиќ-Цуне. Од својот раскошен репертоар придружуван од нашиот оркестар одбра да ја отпее песната „Битола мој роден крај". Уште еднаш го доживеав ова пријатно чувство. И во Југословенската амбасада во Софија на приредбата на која бев учесник, музичкиот состав на фолклорниот ансамбл на КУД „ Илинден" од Битола во седумдесетите години ја исполни песната „Битола мој роден крај".

****************

Кон крајот на шеесетите години беше договорено да се сними плоча на народни песни. Интерпретатор беше Александар Поповски, помеѓу битолчани повеќе познат како Цане Книжарот во книжарницата „Кочо Рацин", на излезот од Широк  Сокак кон Градскиот часовник. Неговото работно место беше продажба на музички инструменти, музикалии и музички прибор. Беше дружељубив, услужлив, весел човек и секогаш си потпевнуваше. На ѕидот над книжарницата имаше звучници. Цане беше задолжен за веселото расположение пред книжарницата, со пуштање на плочи на грамофоните кои исто така ги продаваше. Дојде денот за снимање на плочата. Во неколку коли ги натоваривме инструментите и со возилата заминавме за Скопје. Покрај мене на виолина, се сеќавам дека од музичарите беа, Панде Коминовски- хармоника, Вевки Амедовски-кларинет и Усамедин Умер-тарабука. Стигнавме пред студиото за снимање во Скопје. Секој си го зеде својот инструмент и влеговме во студиото. Ја зедов и јас својата футрола. Кога ја отворив наместо инструментот, извадив еден куп истуткана хартија. Кога се свртив зад мене се смееа другите, се смеев и јас. Најмногу се смееше Усамедин. Тој честопати знаеше да се пошегува со своите другари . Ми ја подаде мојата виолина, внимателно спакувана во тврда хартиена обвивка.

****************

Некогаш не толку значајни моменти можат да остават траен спомен во животот. Еден таков настан се случи на 13. јуни во 1960 година. Тоа беше мојата средба со дивата на македонската опера Ана Липша. Симфонискиот оркестар таа вечер требаше да одржи концерт на сцената на киното „Трудбеник" во нашиот град. Гостин на вечерта беше оперската пејачка која живееше во Скопје. За време на паузата од дневната проба, Ана Липша ме замоли да ѝ купам разгледница од Битола. Верувам дека нејзиниот избор да ми се обрати беше сосема случаен. Тогаш јас бев во млади години. Бев среќен и почестен што нејзиниот избор падна точно на мене. Со задоволство претрчав преку улицата до бутката пред „Барот" и ја одбрав најубавата разгледница од Битола.

****************

Разгледувајќи ги многубројните фотографии од сеќавањата на мојот музички живот, посебно се загледав во една од нив.



Ми се вратија многу спомени со овие мои другари за настани поминати низ годините. Кога како младинци се сликавме во паркот пред концертот на КУД „Илинден" од Битола во Дарувар-Хрватска, не можевме да замислиме какви идни средби и спомени ќе имаме во животот. На фотографијата десно од мене е Усамедин Умер кој што подоцна ми овозможи да се качам на една од двете највисоки згради-близначки во Њујорк и таму на East river да го видам седиштето на Обединетите нации. На фотографијата лево од мене е Вевки Амедов-денес врвен кларинетист. Тој е мојата помошна енциклопедија. Неговата меморија секогаш ми помага -кога треба да се потсетам на некое име, година или заеднички музички настан.

****************

# РЕЦЕНЗИИ

Читајќи го автобиографскиот ракопис, насловен како: **„Патување низ животот со музика“** од авторот Слободан Димитров – адвокат во пензија, но и инструменталист (виолинист) и композитор во областа на народната музика, размислував како да ја започнам мојата беседа за ова дело. Инспириран од сето она што го красело господинот Димитров, а коешто е поврзано, пред сè, со неговиот музички живот, со ентузијазмот, со љубовта кон музиката, со наследениот музички ген и сл., едноставно се навратив на зборовите на нашиот великан (и препознатлив национален македонски амблем) Блаже Конески, којшто ќе запише: „Иднината ќе даде суд за секого„. Токму, во оваа насока, би го додал следново: колегата Слободан Димитров од поодамна е веќе во светлата иднина. Покрај емотивното навраќање на определени настани, тој смета дека таа лична мисија подобро би се остварила ако на едно место се прикажат остварувањата во еден хронолошко историски контекст. Имено, неговата музичка светла иднина започнува од средината на педесеттите години на минатиот век, кога неговите родители го запишале во Нижото музичко училиште, во градот на Конзулите, убавата Битола. Оттогаш, па наваму тој успешно пловел низ музичките води како во Битола, така и во Белград - како студент на Правниот факултет, кога станал активен член на престижното Академско културно уметничко друштво „Бранко Крсмановиќ„. Сето ова умешно го запишал, за да може и обичниот читател лесно да го разбере.

Балканската музика во народен дух, со своите впечатливи и несекојдневни стилови и ритмови го привлекува вниманието на многу музичари, автори и вљубеници низ целиот свет. Еден од тие, несомнено, е и маестрото на виолина, господинот Димитров.

Долгогодишните настапувања на разни манифестации, фестивали и концерти со повеќе Културно уметнички друштва, пејачки групи, ансамбли и слично, не само што му овозможиле да ги прошета просторите на поранешната југословенска држава, туку имал можност да патува низ повеќе европски држави и на други дестинации, како во Соединетите Американски Држави, во Египет и на други места. Несомнено е дека ваквите патувања, меѓу другото, му овозможиле и духовна надоградба во неговиот живот.

Исто така, како виолинист имал можност да соработува и да настапува со врвни инструменталисти и вокални интерпретатори, како на пример со: Стојан Трајковски, Владета Кандиќ (Бата Канда), Александар Шишиќ, Предраг Гојковиќ – Цуне, Виолета Томовска, Пепи Бавтировски, Петранка Костадинова, но и многу други од тогашната и сегашната македонска и српска музичка естрада.

Во оваа моја кратка беседа, сметам дека би требало да се каже нешто и за неговиот, иако по обем скромен, но сепак значаен творечки опус. Велам, значаен од причини што некои од неговите композиции се наградувани од страна на стручната музичка јавност од поранешните југословенски естрадни здруженија. Таков е примерот со неговото „Битолчанка оро„. Оваа инструментална композиција,

покрај што е наградена, исто така е јавно изведувана од повеќе инструменталисти, но и ставена на носач на звук од страна на еден од најдобрите хармоникаши на Балканот, маестро Љубиша Павковиќ – поранешен раководител на Народниот оркестар при Српската Радио Телевизија.

Токму заради сето ова и, пред сѐ, заради потребата ваквите уметничко-естрадни дострели и информации да станат што подостапни за сите оние што со љубов се втурнуваат во освојувањето на непрегледните пространства на македонската и на балканската народна и авторска музика во народен дух, топло го препорачувам овој ракопис за печатење.

Проф. д-р Гоце Цуклески,

солист на хармоника и композитор

## РЕЦЕНЗИЈА ЗА ДЕЛОТО „ПАТУВАЊЕ НИЗ ЖИВОТОТ СО МУЗИКА"

Пред нас имаме едно интересно дело кое тешко ке се определи жанровски иако носи белези на селектирана биографија, хроничарски елементи и нарација во јас формата.

Композицискиот концепт на ова дело дефинира неколку круга на хроносот и топосот (времето и просторот). Топосот е хетеротопија, еден широк простор кој тргнува од родната Битола и се проширува на југословенските простори и светот. Над сé, иако симболички, срцето е централниот топос кое ја произведува музиката и бескрајот на нејзиното постоење, еден универзален говор на љубовта без граници и ограничувања

Текстот содржи многу имиња од музичкиот живот, многу познати за некои генерации и помалку познати. Дотолку се подрагоцени тие податоци. Затоа хронотопот всушност е хетерохомотопија, се шири во многу правци, како во однос на просторот и времето, така и во поглед на луѓето чии имиња се педантно одбележени како една згусната структура во книгата.

Стилот е прецизно прозен, понекогаш прозаичен со многу податоци, но понекогаш тоа е данокот на адвокатската професија. Присутна е лирската душа, особено во перцепцијата за луѓето, убавината на просторот, односно задржувањето на природата како богатство. Над сé и пред сé бликаат изворите на една голема љубов кон фолклорната музика. Емоцијата го заменува секое теоретизирање, авторот е репродуктивец, но и творец.

Многу доблесна е посветата на книгата на татко му Димче, музичарот, скромна личност, но многу фасцинантна, изворот на вродениот талент за музика на авторот, кој несомнено вложил и личен труд совладувајќи еден од најубавите и најтешките инструменти-виолината.

Снежана Петровска,
професор по литература и македонски јазик

**Слободан Димитров**

**„Патување низ животот со музика“**

Имајќи ја музиката како генетско наследство но и како остварена љубов, Слободан Димитров низ одбрани акценти од својот живот ни подари литературно дело кое како мелодија дише со искреност, емоции и носталгија.

И покрај тоа што е ценет правник, адвокат, цариник, тој своето животно патување го раскажува преку достигнувањата во областа на музиката.

Отворајќи ги портите од својата животна приказна авторот како своевиден хроничар многу лесно и податливо низ кратки осврти ни реди мозаик од многу вредни податоци за музичкиот и воопшто културниот живот во Битола во втората половина на XX век.

Од првата средба со виолината во средината на минатиот век, преку учеството на ученичките музички натпревари во Битола, Републиката и низ тогашна Југославија, првиот сценски настап во стариот театар на 11 годишна возраст, па преку бројните концерти со ансамблите на „Илинден“, Староградскиот ансамбл „Битола“ и „Даме Груев“ од Битола како и „Бранко Крсмановиќ“ од Белград и со бројните реномирани музичари и вокални интерпретатори, па се′ до денес, до последните негови авторски музички дела, Слободан живее со својата љубов – музиката.

Создавајќи еден музички времеплов тој не потсеќа на Воениот оркестар, Битолскиот симфониски оркестар, Камерниот оркестар на Битола, Градскиот оркестар, Народниот театар, матинеата во Офицерски, кафеаната и летната тераса во хотел Македонија, Радио Битола...

Нотирајќи ги неговите уметнички искуства на посебен и специфичен начин ни ја приближува неговата соработка со Боцкинот, Пашата, Вевки, Цурико, Чапче, Чулата, Тале Огненовски, Стојан Трајковски, Виолета Томовска, Пепи Бафтировски, Сашка Петковска, Петранка Костадинова, Наско Џорлев, Уснија Рецепова, Кочо Петровски, Предраг Гојковиќ – Цуне, Бата Канда, Оливера Марковиќ и многу други.

Навраќајќи се на неговите доживувања ни ги опишува импресиите од средбите со Тито, гостувањата во Палестина, Египет, Франција, Белгија, Чехословачка, Бугарија, Русија, Украина, Америка...

Навлегувајќи длабоко во неговите емоции се сеќава на вкусот на рибината чорба на Дунав, сенките на дрворедите во Бачка, бисерната солена вода во Свети Стефан, концертите но и песните и свирките за своја душа, првата чаша црно пиво, лесковачката скара, вкусот на првата овошната торта,...

Создавајќи го „Патувањето низ животот со музика“, Слободан Димитров ни подари автобиографско дело кое воодушевува од искрениот, реален и колоритен израз исполнет со носталгија и љубов.

м-р Валентин Соклевски

**СОДРЖИНА**


Музиката-моја љубов и опсесија........ 5
Димче музикантот-мојот татко........ 6
Воената музика во Битола........ 8
Први чекори кон музиката........ 10
Стариот театар........ 12
Битолскиот симфониски оркестар........ 13
Првиот камерен оркестар........ 15
Народната музика-моја определба........ 17
Првомајска прослава........ 20
Нова година во судот........ 21
Со Сашка Петковска во Крушево........ 22
Тале Огненовски........ 23
Средба со Сомбор........ 24
Офицерскиот дом........ 25
Хотел „Македонија“ – кафеана........ 26
Летната тераса........ 27
Средношколски доживувања........ 28
Збратимениот град Епинал........ 29
Ресторан „Метропол“........ 30
Првиот Илинден........ 31
Ансамблот „Бранко Крсмановиќ“........ 32
Рибарска фешта........ 34
Црногорско приморје-св. Стефан........ 35
Сан Марко........ 37
Со Предраг Гојковиќ-Цуне во Египет........ 38
Доживувања во Стражилово........ 39
Спектаклот во Белгија........ 40
Петранка, Уснија и Џорлев........ 42
Социјалистичка слава........ 43
Кумровец, стадион ЈНА, СИВ........ 44
Парачин, Ниш, Скопје........ 46
Средба со Маршалот........ 47
Софија-фестивал на младината и студентите од светот........ 48
Со белградските фолклористи низ Јадранот........ 51
Со виолина во сиво-маслинесто........ 54

Битолскиот театар во Вараждин........................................................................ 55
Со битолските академци во Словенија.............................................................. 56
Каскадите на реката Влтава кај Прага.............................................................. 58
Најголемата работна акција во Битола.............................................................. 60
Староградскиот ансамбл „Битола“.................................................................... 62
На Црното море во Сочи.................................................................................... 64
Мојот творечки опус.......................................................................................... 65
Случки и настани –Мизансе............................................................................... 69
Рецензии.............................................................................................................. 72

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

78.071.1/.2(497.774)(093.3)Димитров,С.
78(497.774)

ДИМИТРОВ, Слободан
Патување низ животот со музика : посветено на мојот татко Димче музикантот / Слободан Димитров. - Битола : Национална установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", 2021. - 75 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-4538-89-9

а) Димитров, Слободан, 1946- -- Музички живот -- Сеќавања б) Музички живот -- Битола

COBISS.MK-ID 55015685



**Слободан Димитров**
**адвокат**

Слободан Димитров-Данчо (Битола, 1945). Основното и средното образование го стекна во својот роден град. Го заврши правниот факултет во Белград, а после шест години го положи правосудниот испит. Животот го помина во музичко семејство, со татко-воен музичар. Музичкото описменување го започна во есента 1954 и наредните години, кога во 1960 го заврши Основното музичко училиште во Битола. Виолината му е животен сопатник, како исполнител на сериозна и народна музика. Автор е на неколку музички дела од областа на народниот мелос. Три негови музички творби се во фонотеката на Радио Белград. Добитник е на првата награда од стручното жири на Белградскиот сабор во 1975, за естрадното "Битолчанка оро" изедувано на сите континенти. Адвокатурата му е професија, а музиката е неговата љубов.

ISBN 978-608-4538-89-9
9 786084 538899